24

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ред.бр.______

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од 24-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 септември 1991 година

Скопје, септември 1991 година

## ДИСКУТАНТИ НА 24-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23.IX.1991г.

1. АНАСТАСОВСКИ [illegible] -22
2. АБДИ ФАИК - 65
3. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР -28,31,35
4. ГОШЕВ ПЕТАР - 50
5. ДАВЧЕВ САНДЕ - 9
6. ЈОВАНОВ РИСТО -45
7. КЉУСЕВ НИКОЛА -12,13,48
8. КРСТЕВСКИ ЗОРАН -4
9. КРСТЕВСКИ НИКОЛА -26,32,41
10. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 49
11. [illegible] -64
12. [illegible] ТОДОР -33,40
13. [illegible]ЈАНОВСКИ [illegible] ~~[illegible]~~3
14. [illegible]ЈАНОВСКИ [illegible] -46
15. [illegible]РОВСКИ [illegible] - 30
16. [illegible]КОВСКИ [illegible]-34 (одговорност на Ј.М[illegible]алков)
17. [illegible]НОВСКИ [illegible]
18. [illegible]ЈАНОВСКИ [illegible] -10,21,44
19. СТОЈКОВ СТОЈАН -20
20. [illegible]НЕВСКИ МАРТИН -5
21. [illegible]ЕВ БЛАГОЈ -61

23. [illegible] АБДУРАХМАН -27
24. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО -53
25. [illegible]ФЕРОВСКИ [illegible] -32,34 (одговорност на Ј.Мијалков)

стр. ... [illegible]

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од 24 седница на Собранието на Република Македонија

одржана на 23 септември 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието .

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници , ја отворам Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Сомон Наумовски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се: претседателот на републиката и преставници на владата на Република Македонија, Републичката комисија за спроведување на референдумот и на Републичкиот фонд за развој.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? ( С е согласуваат )

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров достави Предлог за свикување на седница на Собранието на Република Македонија со

предлог на дневе ред од 4 точки и Предлог заклучоци за актуелната политичко безбедносна состојба во земјата и Републиката по прашањата поврзани со мобилизацијата ,регрутирањето на војниците од Македонија, натамошно служење на воениот рок на регрути од Македонија во ЈНА и односот на Република Македонија со ЈНА.

Овие предлози ви се доставени.

Предлогот за донесување закон за непримснување на Законот за изменување и дополнување на законот за воената обврска со Предлог на закон и Предлогот за донесување одлука за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде заседава Собранието и неговите работни тела со Предлог на одлука се ставени во предлогот на дневниот ред за денешната седница.

Во врска со предложените заклучоци за актуелната за политичко безбедносната состојба во земјата и Републиката и за прашањата поврзани со мобилизацијата, регрутирањето на војниците од Македонија, натамошното служење на воениот рок на регрути од Македонија во ЈНА и односнот на Република Македонија со ЈНА, укажувам дека Собранието на Република Македонија има донесено вакви заклучоци а на последната седница ги усвои ставовите и мислењата на Советот за прашањата на народната одбрана.

Дали пратеникот Тотод Петров смета дека е тоа доволно или инсистира Собранието да расправа по неговиот предлог.

Констатирам дека господинот Петров не е тука.

Одиме понатаму.

Во врска со иницијативата на пратеникот Тодор Петров за донесување на одлука за формирање на комисија за државните симболи на Република Македонија и именување нејзин претседател и членови предлагам Собранието да ги задолжи работните тела: Комисијата за

уставни прашања, Комисијата за општествено политички систем и Законодавно-правната комисија да ја разгледаат оваа иницијатива и за својот став да го известат Собранието на Република Македонија.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за општествено политички систем на Собранието на Република Македонија на седниците одржани на 23 септември 1991 година ја разгледаа Одлуката за поништување на одлуката за обезбедување на средства на политичките организации и другите форми на организирање и здружување за спроведување на Изборите за претставници на Собранијата и притоа констатираа дека Извршниот совет на Собранието на СРМ извршил распределба на средствата на политичките организации во време кога системот за финансирање на активностите на политичките организации не беше, а и сеуште не е потполно изграден.

Исто така, Комисиите оценија дека распределбата на средствата е извршена врз основа на екстензивно толкување на Законот заради потребата од финансиско помагање на политичките организации во предизборната активност поради што Комисиите сметаат дека нетреба да се донесува одлука за поништување на одлуката за обезбедување на средства за политичките организации и други форми на организирање и здружување за спроведување на изборите на претставници на собранијата и истата не треба да се стави на дневен ред на седницата на Собранието на 23 септември 1991 година.

Комисиите му предлагаат на Собрани...то на РМ да ја задолжи Владата на РМ до крајот на месец о...ври 1991 година да изготви и на Собранието му достави Закон за политичките партии во кои целосно ќе се регулира прашањето за финансирање на политичките партии.

Кој е за предлогот на Комисиите да крене рака? (пратениците креваат рака):

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека предлогот на Комисиите е прифатен.

Според решението за свикување на 24-та седница на Собранието на РМ на дневен ред е само предлогот за донесување на Закон за телеграфска агенција на Македонија - ТАМ . Овој предлог за донесување на Закон го разгледаа работните тела на Собранието имаат забелешки по него.

Свои забелешки достави и пратеникот Тодор Петров.

Меѓутоа на 20 септември 1991 година, петок , Владата на Република Македонија повторно достави Предлог за донесување на закон за Телеграфска агенција на Македонија -ТАМ, но овој пат со Предлог на закон и предлага на денешната седница Собранието да расправа по него наместо по предлогот за донесување на овој Закон.

Работните тела на Собранието го разгледаа Предлогот на Владата на седниците што ги одржаа денеска пред да почнеме.

Го молам известителот на Комисијата за општествено политички систем да го каже ставот на Комисијата.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници.,

Комисијата за општествено политички систем го разгледа Предлогот за донесување на закон за Телеграфска агенција со предлог на закон кој дополнително е доставен од Владата на РМ.

Имено, Комисијата на претпоследната седница исто та а разгледа Предлог за донесување на закон за Телеграфска агенција со Предлог на закон. Притоа, ако се сеќавате, извештајот што беше поделен од таа Комисија укажа на тоа дека Комисијата го прифаќа Предлогот за донесување закон за Телеграфска агенција и даде неколку забелешки во однос на предложениот текст.

Во самиот допис на Владата од тој Предлог на закон беше предвидено Законот да се донесе во редовна постапка. Со оглед на оценката дека точката на дневен ред по овој закон се одлага од за нас познатите причини околу утврдувањето на дневниот ред на минатата седница, Владата повторно достави предлог за донесување на Закон за Телеграфска агенција со Предлог на закон, меѓутоа овој пат предлага тоа да биде носено по скратена постапка. Практично со доставувањето на овој предлог на закон на Владата , истовремено Владата не само од Комисијата за општествено политички сиситем, туку и од другите Комисии кој го разгледуваа првиот текст на Предлог законот уважила дел од мислењата и тие ги вградила во новиот текст на Законот.

Комисијата се најде во една деловничка недоумица во постапка во која еден закон е предложен, а истиот не е дојден на дневен ред ниту Собранието се изјаснило за потребата од донесување на тој закон и истиот не е повлечен од Владата да расправа веќе за нов предлог на закон кој во основа се однесува на истата работа, меѓутоа во постапка која сега Владата цени дека треба да биде по скратена постапка.

Да не должам, Комисијата останува на првиот став односно му предлага на Собранието да го усвои предлогот за донесување на Законт за Телеграфска агенција, а на наредната седница да се гледа Предлог законот односно врз основа на забелешките кои ги дадоа

работните тела ги дадоа да ни биде доставен текст на Предлог законот од Владата и по него амандмански да можеме да се произнесеме. Сметам дека времето во кое ни беше доставен како обврска на Комисијата тоа беше петок на 20-ти немаше доволно простор ние како Комисија да обавиме целосна расправа по една ваква значајна работа, а тоа е донесување на закон за Телеграфска агенција со Закон кој би бил усвоен на истата седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали новиот предлог за донесување на закон со Предлог на закон го разгледа Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана? (не го гледале)

Претседателот на Комисијата треба да ни каже новиот предлог за ТАМ што го дала Владата дали е разгледан повторно кај нив.? (не е разгледан).

Текстот не е разгледан ни на ЗПК .

Тогаш да видиме претставникот на Владата што ќе каже по ова прашање.

МАРТИН ТРЕНЕВСКИ:(министер за информации)

Господине претседателе, почитувани пратеници, со оглед на динамиката на собитијата во земјата во целина и со сите оние работи кои произлегуваат од референдумот во Македнија, ние цениме дека е неопходно македонската национална агенција - ТАМ да стартува што е можно поскоро.

Потребните подготовки за стартот на ТАМ се извршени како во однос на обезбедување на финансиската конструкција така и на кадровската конструкција па и на техничките подготовки и затоа Владата смета дека нема потреба да се одолговлечува оваа постапка односно предлагаме Законот за ТАМ кој е предуслов за да можеме

Агенцијата да ја опарацио... изираме тоа да го направиме во што е можно пократка постапка.

Законот беше на разгледување на Комисиите на Собранието, сите забелешки што ни беа предочени воглавно се уважени, прифатени и од таа причина сметаме дека нема потреба понатаму да се одолговлечува, па до колку не постојат некои процедурални пречки, ние предлагаме оној текст што беше доставен да се повлече, а да биде ставен на дневен ред на расправа и усвојување текстот што го имаме доставено дополнително. Во таа смисла е пратено писмото минатата недела со кое е наговестено дека Владата нуди нов текст така што молам до колку не постојат процедурални пречки денеска да расправаме за новиот текст на Законот за ТАМ и по можност да го усвоиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве имаме мислење на претставникот на Владата.

Дали некој бара збор во врска со тоа? (никој)

Тогаш Собранието да се произнесе.

НАЌО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе само станувам за интервенција. ЗПК сеуште работи, во тек е со овие прашања, за кои работи Собранието. Мислам дека очигледно се нарушува Деловникот за работа и неможеме ние како Собрание да го утврдуваме дневниот ред, а притоа Законодавно правната комисија да ја нема завршено работата. Ни еден член од таа Комисија не е присутен овде, а расправаат по истиот дневен ред или дел од дневниот ред кој е предмет на утврдување. Јас милсам дека таа постапка не е во ред и сметам дека Собранието треба да прекине со работа сè до дека ЗПК не се произнесе по прашањата кој се на дневен ред и кои се на н...зин дневен ред и на дневен ред на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, сакам да изнесам една напомена. Ги молам претседателите на комисиите макар во сабота или недела да закажуваат седници кога ги добиваат материјалите, а не да закажуваат во време пред седницата на Собранието. Тоа е прво.

Друго, прашањето кое сега го покренува господинот Стојановски овде во овој случај станува збор за целисходноста дали сега да се донесе, за тоа не одлучува и не зазема став ЗПК , туку таа само утврдува дали има уставен основ и ништо понатаму, а таа дали има уставен основ се ја завршила работата кога го гледала предлогот за донесување на овој Закон. Затоа јас реков иако не го гледала сега ЗПК ирелевантно што работи по овој предлог сега инаку ставот на Комисијата потоа ќе биде изнесен во расправата кога ќе биде донесен. Јас морам овој предлог што го даде господинот Стојановски да го консултирам Собранието да прекинеме со работа додека ЗПК не заврши со работа. Видете, затоа јас не смеев да почнам додека не завршат другите комисии затоа што материјално одлучуваат по тие точки кои се нови сега, откако е закажана седницата се дадени како предлог. Затоа мислев дека можеме да работиме без членовите од ЗПК бидејќи таа се уште работи, а по материјалната содржина таа не зазема став и не одлучува, меѓутоа предлогот го давам на изјаснување на Собранието.

Молам, дали да прекинеме со работа? (гласови на негодување).

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Јас предлагам од сега натаму да почнуваме точно на време кога ќе ја закажеме седницата, а сите комисии кои имаат материјали за разгледување да не ги гледаат пред почетокот на седницата на Собранието , треба еднаш да се научиме на ред, а дали во сабота, недела имаше време од вторникот наваму па нека го гледаа комисиите

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е примерливо тогаш кога не одат итни измени на предлозите или итни предлози на постапка. Кога така доаѓаат комисиите се доведени дури и од пратеничките групи, не само од Владата, во ситуација да мора да заседаваат пред заседавање на Собранието.

Ве молам, таа дисциплина не е само за претседателите на комисиите, туку за сите предлагачи на материјали . Во секој случај сега мислам се договоривме дека можеме да продолжиме со работа. Молам да продолжиме.

Ако сакате да гласаме, но видете правилно е Деловник да имаме став и на ЗПК само реков дека ова е итен предлог за кој таа има изградено став за уставниот основ, таа се произнесла од тој аспект на законитоста и уставниот основ, па добро еве пауза од 15 минути додека не заврши работа Комисијата. Немојте да донесуваме одлуки кои потоа сами ќе ги напаѓаме заради нарушување на Деловникот. Зошто се тие стални сомневања. За такви работи не чини да гласаме и да се делиме. За 15 минути очекувам да заврши Комисијата. (општо негодување во салата)

Седницата прекина со работа во 12,30 часот.

(По паузата седницата започна со работа во 13,30 минути)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа. Сега имаме став и на Законодавно-правната комисија во врска со Предлогот за донесување на закон за телеграфска агенција на Македнија "ТАМ" со Предлог на закон.

Овде го изнесе ставот на Комисијата за општествено политички систем господинот Зоран Крстевски, а сега по интервенција на господинот Наќе Стојановски треба да го видиме ставот на Законодавно правната комисија.

Има збор господинот Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ставот на Законодавно-правната комисија по однос Предлогот на законот за основање на телеграфска агенција на Македонија "ТАМ"е да оди во два дела, сега само да се оди за предлогот на Законот, додека за самиот закон да одиме на наредна седница. Тоа е одлуката како што е и на Матичната комисија.

Јас ке го користам овој момент и за следното, се обраќам до сите пратеници да имаат уважение према Законодавно-правната комисија да таа како КОмисија со такво значење да одлучува и ги разгледува сите материјали одкако матичните комисии ќе одлучат, а не како што тоа досега се случуваше ние да чекаме дали некој ке зазема ваков или онаков став и да решаваме секој пат, се е ова по итна постапка. Ве молам господа, од сега натаму ова е став на Комисијата и ќе ги користиме правата на Деловникот само во исклучителни околности ке допуштаме да се користи член 316 во врска со член 303 од Деловникот, а не како досега секој проект било за што да се однесува се користи по оваа постапка. Што е скратена постапка, што

е брза, што е ит... оа е скоро исто, меѓутоа само рокот е 15 дена во скратената пос... ка тоа ке треба да се почитува. Денеска ние имавме два закона кои не можеме да ги разгледуваме во нормална постапка и затоа одлучивме на денешната седница што има и предлог од дневниот ред покрај оваа точка 2 и законот за неважење на Законот за воените обврски имаше два предлога односно 3, од Владата, од Тодор Петров и од ВМРО-ДПМНЕ. Од Владата добивме една многу интересна работа затоа што министерот кој ја врши сега должноста господинот Блаже Ристевски бил службено отсутен и затоа до 27 не може оваа работа да се разгледува. Одлуката на Комисијата е овие два предлога од ВРМО и од Тодор Петров ако од Владата не оди да се чуе претседателот на Владата затоа што тој е присутен иако го нема министерот тука е претседателот, да го чуеме неговото мислење, а потоа Собранието да се произнесе и ние како Законодавно-правна комисија ке одлучиме по овие два предлога.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас сакав да имаме дециден став на Законодавно-правната комисија на Законот за телеграфска агенција на Македонија. Тој изложи дека треба да оди  само како предлог за донесување .

МОлам, сега на претставникот му е јасно  каков е ставот на Комисијата , тие беа таму. Заклучокот на Комисијата го ставам на гласање.

Молам кој е за Заклучокот на комисиите да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За предлогот гласаа: 57 пратеници,

Молам кој  е против? 38 пратеници,

Дали има воздржан...? (4 се воздржани пратеници)

Предлог заклучокот на комисиите е усвоен.

Пратеничката груп. на ВМРО-ДПМНЕ, пратеникот Тодор Петров, и Владата на Репбулика Македонија доставија секој одделно предлог за донесување на закон за неприменување на Законот за измени и дополненија на Законот за воената обврска со Предлог на закон. Ве известувам дека во пропратното писмо по овој Закон Владата на Република Македонија укажува дека претставникот на Владата д-р Блаже Ристевски ке биде отсутен до 27 септември 1991 година и дека Собранието треба да оцени кога ќе го стави Законот во процедура.

Молам претставникот на Владта да го образложи ставот на Владата дали Собранието треба да го разгледа овој закон на денешната седница, со оглед на овој став на Законодавно-правната комисија, дали овие проекти да се гледаат сега?

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитувани пратеници, Вие знаете дека е сотавен во Собранието овој предлог и нормално с членот на Владата кој е ресорно задолжен, во случајот потпретседателот д-р Блаже Ристевски кој е отсутен ји Предлогот е на Владата да не се става на дневен ред денес се до една блиска иднина ќе биде предмет на разгледување на Собранието. Тоа е нашето раз мислување и се надевам дека би било пожелно да биде прифатено. Јас мислам дека станува збор за ресор кој што е важен и закон кој што исто така важен и не би требало сега да отвараме претрес итн. инт. МОжеби за неколку дена ке дојде потпретседателот и ке го разгледаме тоа прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Имајќи го во вид мислењето на Законодавно-правната комисија го ставам на изјаснување предлогот на Владата.

Молам кој е за?да крене рака (Пратнеиците креваат рака)

За гласаа(55 пратеници)

Кој е против? (42)

Дали некој се воздржува? (Никој).

Според тоа, ставот на Владата е усвоен.

Ве из вестувам дека пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија достави иницијатива за утврдување на одговорноста и раз решување на министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков со предлог да биде ставена и разгледана на денешната седница. Иницијативата Ви е доставена односно поделена. Мислење од Владата по иницијативата сеуште нема. По добивање на мислењето на Владата и извештаите на работните тела ова иницијатива ке ја ставиме на дневен ред.

Молам Владата дали има по ова мислење.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитувани пратеници, Јас се запознав со аргументацијата што се изнесува од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Мое мислење е за вакви сериозни проблеми посебно кога се однесуваат за значајни сектори би требало да имаме по спокојно раз гледување а во таа смисла предлагам на Собранието таа аргументација да се стави на располагање за увид на состојбите во тој ресор или што се поврзани пред Советот за безбедност и Советот да ни помогне и мене како мандатер со пообјективна оценка и анализа што е валидно, а што не. Јас се надевам дека Советот за безбедност ке ја понесе и својата одговорност за објективноста околу изнесените аргументи, а и ќе даде едно пошироко осветлување на работата така да избегнеме денес празни, проверени или непроверени аргументи, да се конфронтираме непотребно, да го претвараме Парламентот во нешто што е недолично. Моја сугестија е да не се става на дневен ред оваа точка, а врз база на сознанијата што ке ги

добијам од Советот за безбедност и моето убедување следниот пат да се даде тоа на групата која го покренува и потоа самите тие да оценат дали да одат понатаму или не.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, првиот македонски повеќе партиски парламент од почетокот на своето конституирање па се до денес практично ги положи сите испити. Повеќето од задачите што му беа поставени и што ги решаваше му беа наметнати од надворешни фактори и имаа претежно политички карактер. Политиката националните прашања и државно правниот статус на Репбуликата доминираа во нашата работа. Често пати се наоѓавме на крстопати, на ивицата на бездната и сепак наоѓавме сили и знаења да го исбереме правиот пат макар и во 15 до 12. Се чувствувавме и сеуште се чувствуваме виновни што ја занемаривме економијата, стопанските движења перспективите на младите генерации, меѓутоа кон ваквиот пристап кон работата не турнаа антиисториските собитија во нашата поблиска и подалечна околина. Моравме целосно да им се посветиме на неколкуте приоритетни задачи зачувувањето на мирот во Републиката, гасењето на пламените јазици на пожарот што се вика меѓунационална градска војна односно граѓанска војна која можеше целиот досегашен макотрпен печал на македонскиот народ за миг да го претвори во пепел и прав. Туркани од север југ однатре и од надвор мамени од браќа волци, од мили соседи и далечни пријатели одевме и сеуште одиме по жица борејќи се со сите сили да го одбраниме сопствениот пат во XXI век. Никој не може да очекува дека нашиот пат кон подоброто утре трасиран со историските документи, што ги изгради и донесе овој парламент ќе оди праволиниски без паѓање и станување, без лутања и заблуди. Меѓутоа, плебисцитарната поддршка на политиката

градена в овој Парламент и релаизирана од актуелното македонско раководство што ни ја даде македонскиот народ на референдумот поткрепена и поддржана од целиот демократски свет не обврзува да го продолжиме патот на конструктивно однесување кон актуелните внатре македонски и надворешните интерјугословенски проблеми. Посебно обврзани и срочни се задачите што нашиот народ ни ги испостави пред понатамошната трансформација на политичкиот и економсккиот систем и демократизацијата на односите во Репбуликата. На нај-големиот број од овие задачи успешно ќе одговориме сигурно веќе со донесувањето на новиот устав на самостојна и суверена Република Македонија.

Никој не веруваше дека вакви резултати можат да се постигнат на кревката демократија остварена по првите повеќепартиски избори во Македонија. Меѓутоа, таа се покажа доволна и кадарна само затоа што лежеше на реалниот распоред на силите на политичките партии во и надвор од Парламентот. Оттука е сосема јасно дека опстојувањето на Македонија, нејзиното зачувување (реакција во салата) Ви се молам давам образложение на иницијативата , нејзиното зачувување и прераснување во Европски тип на Демократска, правна и социјална и граѓанска држава до новите избори , до некој нов поинаков распоред на политичките сили е условено зачувувањето на постигнатата кревка демократија. Македонија и демократизацијата на нејзиното ткиво мора да одат заедно, затоа сите оние што се загрижени за иднината на Македонија, посебно сите оние што се декларираат како демократи, а поинаку декларирани сили и не се регистрирани во Македонија треба да застанат во одбраната на Демократијата во Македонија.

На првите повеќе партиски избори во Макеоднија, Македонците излегоа масовно и застанаа зад програмите на политичките партии и пратениците на овој Парламент. Во условите диктирани од распоредот на силите во Парламентот претседателот на Републиката го избра најисправното и можеби единственото решение за формирање на експертска Влада, пратениците застанаа зад него и зад неговиот предлог за мандатор на Владата, односно за предлогот на мандаторот за избор на челниците на ресорните министерства. Меѓутоа, како одминуваше времето кратко по периодот на прилагодување премиерот а посебно некои министри во неговата Влада како да заборавија дека се бирани од повеќепартиски парламент, од пратнеици зад кој стои народот и ги обврзува на вакво или онакво однесување. За кратко врме некои министерства меѓу кои посебно предначеа они од чие конструктивно делување зависи демократизацијата на односите во општеството и се најповикани да ги штитат правата и слободите на сите граѓани во Македонија почнаа да се обојуваат едно партиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (Продолжение)

Опасностите по демократиз:ијата на едно општество кое зачекорува за прв пат во водите на демократијата, предизвикани со еднопартиски влади, односно органи на управата не зависат од профилот на партијата која стои зад нив. Тие се само толку помалку или помали колку што е партијата поприфатена од граѓаните, зашто при застапеност на една партија во Парламентот на пример со повеќе од 80%, постои само поголема веројатност дека во својата програма и со своите кадри ги погодиле нивните желби и потреби.

Меѓутоа, при ваков распоред на силите во Парламентот, во кои една партија има 37 пратеници, друга партија има 31, трета 23, четврта 14 и тн., ниеден орган на урпава, а посебно не Министерството за одбрана, Правосудството и внатрешни работи несмеат да делуваат еднопартиски уште помалку д бидат подредени на еден човек. Ниедна партија не може да претендира на тоа дека ги азстапува интересите на сите граѓани, ниту пак граѓани било кога ќе ѝ дадат доверба само на една партија.

Оттука, еднопартиското делување на било кој од органите на управата директно влијае на поделбите, на битието на македонскиот народ и создава услови за дестабилизација, за гушење на правото на поинакво мислење и минирање на бојното поле на кое треба да се води борбата на мислења, идеи и различни решенија. Без неа нема ослободување на креативниот дух на граѓанинот. Се елиминира основниот механизам за поттикнување и заштита на прогресот, конкуренцијата и се бетонираат бедемите против натамошната демократизација на општеството. Овие факти денес не смееме да ги премолчиме, не смееме да ги повториме грешките што ги направија граѓани е и јавноста на Србија, Словенија, Хрватска, зошто како што рече еден загрижен познат

српски интелектуалец пред некој ден, сè почнува ка наивно, навидум безопасно, во моментот кога во името на некои пов соки национални цели ќе ја проголтаме првата лага, после е сè полесно, доаѓа втората, третата, десеттата и тн. Патот до тенката црвена линија под која нема ни парламентарна дмеократија, ни повеќе партиски систем, ни човекови права и слободи, меѓу кои и основното право на слободно мислење и говор е отворен, од седницата на која поднесе амандман на Законот за внатрешни работи, со кој се попречуваше правото на минстерот за внатрешни работи да може да прислушкува без судска одлука и да се користи самостојно со резултатите од прислушкувањето, еден од поактивните пратеници на овој Парламент и извонреден стручњак од обласата на правната регулатива го снема веќе на говорницата на Парламентот, го заплашија реакциите на човекот кој што стои на чело на органот кој има значајни и специфични задачи во сверата за заштита на мирот, слободата и правата на сите граѓани, а посебно правото на слободен говор. Со некои понатамошни реакции се покажа дека челниот човек на Министерството за внатрешни работи, во кое е концентрирана голема моќ која ќе треба да ја насочува кон извршувањето на уставните функции и задачи и да ја контролира службата, го нема механизмот на самоконтрола. Уште повеќе кај своите субординирани истомисленици создава атмосвера на еуфоричност и на агресивност, а кај другите атмосвера на страв и апатија, земајќи си го правото да дава и политички оценки и квалификации. Никој не реагира и не приговара на неговата чесност, на неговата одданост и најмакедонско делување. Приговараме на карактерните црти кој се неспојливи со функцијата која што ја обавува. Ние сме убдени дека на многу други витални значајни републички функции сигурно ќе може поуспешно да одговори.

Со оглед на тоа што излезе мандаторот на Владата со одредени предлози, должен сум да го информирам Собранието дека согласно член 144 од "Сл.весник" бр.40/90 од Законот за органите на управата децидно стои дека "функционерот кој раководи со органот на управата лично е одговорен ако во вршењето на своите права и должности не се придржува кон политиката што ја утврдило Собранието".

Во членот 167 е кажано "дека секој може да даде иницијатива за утврдување на одговорноста на функционерот кој раководи со орган на управата. Органот овластен аз утврдување на одговорноста е должен да ја разгледа иницијативата, да заземе став по неа и да го извести подносителот", а во член 48 се тврди дека "постапката за утврдување на одговорност што ја дал поединецот за одговорност на функционер кој раководи со органот на управата е итна, во постапакта за утврдување на одговорноста мора да му се овозможи на функционерот кој раководи со органот на управата да се изјасни за фактите, поради кои се поставува прашањето за негова одговорност, како и да дава известувања и потребни податоци од значење за утврдување на одговорноста."

"По повод предлогот за утврдување на одговорноста органот надлежен за именување" - а тоа е ова Собрание - "донесува одлука со која се утврдува постоењето на одговорност и изречува мерка сменување или пак донесува одлука со која констатира дека не постојат причини за негова одговорност".

"По повод предлогот аз утврдување на одговорноста органот надлежен за именување може и кога нема основ за извршување на мерката сменување да укаже на неправилностите во работата на функционерот"

"Органот надлежен за именување додека трае постапката за утрдување на одговорноста може да го оддалечи од должност функционерот кој раководи со органот на управата и тн."

Од ова јасно произлегува дека никој друг освен ова Собрание кое го именувало функционерот на органот на урпавата нема ингеренции да ја утврдува одговорнсота и да изрекува мерки по неа. Оттука е сосема јасно дека, почитувајќи го прввиот став на член 148, постапоката е итна и дека се остварени сите предуслови оваа иницијатива влезе на дневен ред на Собранието и ова Собрание како орган кој го го именувал соодветното лице треба да ја утврди одговорноста и да изрече соодветна мерка или да ја побие и да даде известување за резултатите од утврдување на одговорноста.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, мислам со излагањето на господинот Ханџиски влеговме во материјална расправа за утврдување на дневен ред. Досега се заморувавме со материјални расправи при утврдување на дневен ред. Мислам дека и добро беше што претседателот на Собранието го опомена говорникот. Меѓутоа, затоа што една партија која досега 45-46 години владееше па си го зема тоа право да не го слуша претседателот на Собранието, а ние досега го обвинувавме претседателот на Собранието. Мислам дека изнесеното што го кажа господинот Ханџиски несакам да влезам во материјална расправа, меѓутоа, би сакал да се осврнам на членот 146 од Законот за органите на управата и во тој однос би го поканил, го имам тоа право како пратеник, би го поканил секретарот на Собранието како меродавен правник во ова Собрание, да ни го толкува Законот за органите на управата и Законот за Владата.

Исто така го поддржувам предлогот на претседателот на Владата Советот за заштита на уставниот поредок да се произнесе по ова прашање.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, не мислам никого да поддржувам, никого да бранам. Меѓутоа, професијата која ја обавував толку време ми наложува една основна работа.

Прво и основно е во секоја одговорност да се оцени дали постои нешто, па тогаш од извршителот да се бара и одговорност.

Пратеничката група која предлага да се разговара и оцени иницијатива за одговорност на господинот Мијалков говори дека настанала повреда по одредбата 144 од Законот за органите на управата. Овде треба да се задржиме, основно е. Значи, ќе треба да оцениме дали ова што се нуди и што наводно - реков нснавлегувам дали го сторил и ли не, наводно го сторил министерот дали ќе може да се подведе под ваква одговорност или не, со основна цел да препорачам на Собранието да го прифати едниот дел од излагањето на Благој Ханџиски да престанеме овде да се препуцаваме и да се надмудруваме и да почнеме да разговараме за економските проблеми на народот. Демократијата не се создава само во менување на министри и задоволување на некои, дали има или му е симпатичен или несимпатеичен.

Ќе го прочитам децидно членот 144, да слушнат сите гласно како сите ние овде така и другите.

"Функционерот кој што раководи со органот на управата лично е одговорен ако во вршењето на своите права и должности не се придржува кон политиката што ја утврдило Собранието".

Значи, на политика што ова Собрание ја утврдило. Понатаму се вели: "и кон насоките на Собранието, како и кон начелните

ставови и насоки на младата или ако во рамки е на своите права и должности не обезбедува спроведување на законите и другите прописи и општи акти".

Ова се одредбите по основ на кои ќе може некој да се повика на одговорност, а дали некој со некого се нарекувал ваков или онаков, тоа не е место на расправање пред Парламент е не е основ за иницијатива.

Затоа, говорам сега и од име на ЗПК, како и на другите комисии што рекоа, ова прашање денес да не се става на дневен ред.

ЕДЕН ПРАТЕНИК:(ОД МЕСТО)

Не е точно.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам, затоа што матичните служби одлучиле да не се расправа, сега некој кој потпишал ваква иницијатива може да каже во секое време дека не е точно. Нека каже која е спротивна одлука од оваа.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Дами и господа, прво ќе му заблагодарам на господинот Ханџиски за рециталот што ни го кажа. (Во салата настана смеење). А господинот Ханџиски настапи како оратор не за случајот на господин Мијалков но за нешто друго. Настапи, отпривин кажа 2-3 збора за економиката, што треба да направи Владата. Тоа е повеќе политички фактор. Тука се токму поените на некоја партија.

Меѓутоа, јас ќе кажам 2-3 збора, господин Ханџиски. Ви благодарам и на вас лично и на вашата партија дека ги прифативте

сите програмски цели на една друга партија и тоа е факт што никој не може да го сузбие, од Декларацијата до Референдумот. Многу ви благодарам.

Сега малку политички. Ако се вратите малку назад пред 1 година и ја погледнете вашата програма, јас сум ја читал и вашата програма, ќе видите дека вие сте за 100 години назад, и сакам на тоа да ми одговорите. (Смеење во салата) Демократизацијата на државата не се гледа од нападот на Митко, на Трајко, на Мијалко и други. Тука тоа зборува нешто друго. Вашите мисли, јас Митко Анастасов ви ги прочитав и ги читам секој ден. Вашите идеи и вашите цели не се нафрлени против Мијалков, не господин Ханџиски. Вашите цели се фрлени врз нешто поголемо, за жал. Ќе ве замолам, доколку сакаме демократски, правнички да го решиме проблемот, ако некој е навреден од господин Мијалков, тие се лични работи меѓу луѓето. Кога сакаме да устроиме еднаш држава, кога сакаме да направиме една Македонија, зарем треба да се фаќаме за такви ситници? Не. Нашите тегоби се многу поголеми. Гледајќи ја целата ситуација во Југославија, имаме многу проблеми да решаваме како на политички план, така и на економски план. Ве молам да не се занесувате дека ако го исфрлиме Мијалков, Кљусев, Глигоров, Митко, Трајко, Петко, СТанко, сме го решиле прашањето. Не, ве уверувам не. Ја селдам ситуацијата секој ден и неспијам ноќе, јас му се заблагодарувам на претседателот на Републиката, на претседателот на Владата и на другите министри за напорите кои ги прават за да излеземе од оваа тешка ситуација. Немојте, луѓе, да се тепаме самите по себе. Немојте, затоа што ќе ви кажам една поговорка. Уште овие немаат брашно да месат зелник на направат и се скарале, се скарале, нема тесто, нема тепсија, нема оган, и рекла бабата ќе направиме една пита.

Море, чека , рече јас ќе го земам поголемото парче. И што направиле? Се скарале без да имаат нешто. Но ние фактички имаме нешто сега, се држиме со нешто. Затоа, овие ситни работи не ги преовеличувајте и дајте дас се мсириме еднаш и да донесуваме закони за оваа држава кој ќе не извлечат од ситуацијата. А Мијалков со Митко, со Трајко, со Петко што си имаат, тие се индивидуални работи, барем за мене такви се и не вреѓаат никоја партија, ни Мијалков е ВМРО, ни другиот министер што е не знам која партија, тие се деполитизирани на некој начин и според тоа ако сакаме да зборуваме за демократизација и за закони, нека тие си водат една постапка меѓу себе. а ние Собранието да не се занимаваме со тие ситници. Утре некој од нас ќе се скара со некого, па тука треба да решаваме со саати. Секогаш и отсекогаш луѓето немале закони. Селски монаси подобро живееле. Ние секој ден закони правиме и ништо не решивме. Дајте да се смириме сите партии, сите луѓе и меѓу нас односите да бидат навистина добри. И да го оставиме Мијалков на мир, да го оставиме и Трајко на мир, нека си ги решаваат проблемите сами и нека ја гледаме државничката работа и да дојдеме после што вели Ханџиски до економика. Ете, тука така ќе завршам.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Ханџиски има реплика.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со оглед на тоа што господинот Атанасовски рече дека има моќ да ми ги прочита мислите, сигурно ќе допуштите дека најдобро и најголемо право имам самиот да си ги искажам мислите и да ги изнесам претпоставките кои диктираат вакви или онакви мислења. Слушнав деновиве најразлични квалификации, кои што одат на наша сметка, па и на моја сметка дека сме црвени комунистички гомнари, официрски копилиња, со оглед што има луѓе кои подобро ме познаваат, знаат дека немам никаква врска ни роднинска, ни пријателска, ни другарска, со никакви офицери, знаат дека немам никаква врска ни со црвениот комунизам. Јас сум презадоволен од мојот придонес кој што го дадов во трансформацијата во трансформацијата на економскиот и политичкиот систем и кој што датира од времињата кога не смееше ни да се зборува за таквите трансформации, од времињата кога не смееше ни да се помисли за промените кои што еве денес доживеавме сите да ги поддржуваме заедно и да се надеваме за подобра иднина од нив.

Како директен потомок на еден од првите основачи на ВМРО и директен потомок на неколку од првите организирани жртви за ослободувањето на македонскиот народ и стекнувањето на неговата државност кои што паднаа во цветот на младоста и оставија 20-тина сирачиња во лујните од преилинденскиот и поилинденскиот период за време на Јуретот, Првата, Втората балканска и Првата светска војна. Можам да бидам еден само загрижен македонец за иднината на македонскиот народ. Сѐ што може Ханџиски да мисли е на таа линија и на никоја друга, кој како сакал ме читал.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Крстевски Никола, па потоа ќе се јави за збор господинот Халити Абдурахман.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

По однос на иницијативата за дневен ред имам еден конкретен предлог. Иницијатива за утврдување на одговорност. Меѓутоа, нема ниту формални докази за некаков вид одговорност од усмени кажувања за усмени докази, писмени докази, меѓутоа, се се сведува на една партиска оценка на подносителите на оваа иницијатива. Инаку, и нивното барање се однесува во првиот дел на утврдување на одговорноста на министерот, а не се насочуваат докази. Формално оваа оцена што се дава, оваа партиска оцена излегува од овие зборови, застрашувачки однос, репресивни мерки, па потоа има наша оцена за личност понесена од значајните и специфичните овластувања, па претставува дирекна опасност за слободата и правата на граѓаните. Потоа, антидемократска деструкција. Ова е конкретна постапка, бидејќи одговорноста е личен акт, се докажува со чисто усмени и писмени докази и изведување заклучок. Во однос на ова може само да послужи за една беседа, за евентуална понатамошна постапка. Од формална страна, директно, сметам Собраниево и пратениците не можат да се изјаснуваат, бидејќи оваа иницијатива треба да се достави претходно до Владата каде тој министер си ги обавува редовно работните задачи како министер и член на Владата, да заземе став и мислење, односно да поднесе мислење до Собранието. Потоа, таа постапка треба да продолжи претходно при изјаснување на работните тела. Конкретно според моја оценка треба да оди тоа и на Комисија за избори и именување и матична комисија за контрола на државната безбедност што е најблиску до оваа проблематика. Во однос на овие наоди се оценува

дека единствен за овој систем од преведување од еднопартиски во повеќепартиски е крив министерот. Потоа министерот е единствен крив за сите овие ситуации моментално и идни што ќе настанат, неизвесни и слично. Ако е толку крив само еден, ние ќе го отстранеме механички, но мислам дека нема да ги решиме останатите прашања. Бидејќи смета да си земе редовна процедура, зашто одговорноста не е во смисла на недоверба во неговото работење кое е најредовен акт, ние како Собрание единствено контакт со Владата имаме преку недоверба на Владата како колективен орган и поединци министри. Во случајот овде се укажува на некое лично однесување, тоа дали е од тој обем и квалитет мислам што треба директно да се оди во утврдување на одговорност, јас метав дека тоа не е доволно, меѓутоа, да се спроведе постапката правилно, прво, да се сочека извештај од Владата, да се сослушаат овие, односно писмено да си дадат овие што се тука, укажува работните тела да излезат со предлог пред ова Собрание, па потоа да се расправа.

ХАЛИТИ АБДУРАХМАН:

Господо пратеници, очигледно дека во овој Парламент има пратеници кои што се добро информирани и пратеници кои што не се информирани. Јас спаѓам во оваа втора група, во групата на помалку информирани. Со оглед дека многу работи не ги знам ќе се потрудам да бидам многу краток во изнесувањето. Исто така, очигледно е дека различно ја сфаќаме демократијата, но јас не излегов тука да кажам како јас ја сфаќам демократијата, туку само да поддржам еден предлог, конструктивен, содржаен на претседателот на Владата. Тој во своето искажување кажа што мисли како мандатор, како претседател на Влада. Како дополнителни аргументи од моја страна ги внесувам и следните. Ние пред неколку дена разрешивме секретар, односно министер за народна одбрана. Во оставка ни е министерот за образование. И ако

одиме по ова темпо и да утврдуваме под претпоставка ако утврди е одговорност за министерот за внатрешни работи, ние практично, ако, да не употребам тежок збор, ја дестабилизираме Владата во нејзините најважни сегменти. Времето за едни вакви потези не ни помага. Не е времето за вакви дискусии. Ние сме соочени пред многу други сериозни проблеми за да можеме да се бавиме со вакви проблеми. Ако сакате една лична моја импресија поводот за барање одговорност на министерот е многу банален, многу ситен. Да се чуваше тоа за некој покрупен повод имаше нешто и за дискусија, меѓутоа, за едно обраќање кое што можеби би рекол и неодмерено, меѓутоа, ете во момент на една катарза му се испуштило, да не правиме драми од тие работи. Дајте да се вртиме кон другите проблеми кои што не очекуваат.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние сите избегнуваме да влеземе во материјална расправа, па сигурно навлеговме и се слушнаа различни мислења. Мислам дека е тоа целта на иницијативата.

Прво, јас морам да кажам односно да го демантирам она што претседателот на Законодавно-правната комисија го кажа, дека Законодавно-правната комисија зазела став да не се расправа. Барем јас цело време бев таму, тоа не се ни покрена, ние разговаравме и мислам дека многу ми е жал што морам да речам дека претседателот тоа е од свое лично име го изјаснил.

Инаку, навлеговме во една процедурална постапка, што сигурно често навлегуваме и што треба да ја чистиме овде, што тоа можеби требаше и на Законодавно-правната комисија и на другите комисии, но никој што не го покрена, ни претседателот. Нашата ини-

цијатива за утврдување на одговорноста на министерот за внатрешни работи на парламентарната група на нашата партија и во самото обоснование се вика дека се засновуваат и на уставните одредби. Пред се, јас морам да кажам дека во таа постапка ЗПК расправаше по повод односно предлогот на мандоторот односно претседателот на Македонската влада за разрешување на министерот за народна одбрана Ристо Дамјановск и вие бевте сведоци и тогаш настана една правно -процедурална заврзлама која ја расчистивме и ја разрешивме. Затоа, за разчистување на иницијативата јас морам, имаше неколку пратеници кои побиваа основот за, односно членот 144 од Законот за општа управна постапка, за органите на управата, морам да искажам дека основот и за претходниот министер кој го расчисти ЗПК, се состои во членот 170 од Уставот. Бидејќи беа цитирани членовите, јас тука само би ви го цитирал: "член 170, став 3: Секој избран или именуван носител на самоуправна, јавна или друга општа општествена функција лично е одговорен за нејзиното вршење и може да биде отповикан или сменет. Тој има право да поднесе оставка и да ја образложи".

Во врска со членот односно ставот 3 е ставот 4 тој влијае индиректно на кој се инсистира на членот 144 од Законот за органите на управата (со закон или со самоуправен акт се утврдуваат видовите и условите на одговорноста односно носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции, како и начинот и постапката за остварување на одговорноста на носителите на тие функции". Што значи начинот со закон е утврден во Законот за органите на управата. Утврден е начинот на предлог, кога може да даде работно тело и утврден е начинот на одговорноста кога може да покрене односно врз основа на покрената иницијатива. Затоа, во таа смисла од членовите 143 до 152

се регулира постапката која е врз основа на иницијативата. Не се прејудицира ништо, ни овде и по основ на Собранието, по отворената расправа кажа и пратеникот Хаџиски да ги искаже сите факти. Се инсистираше од двајца пратеници во однос на одредена друга процедура. Јасни се членовите, особено членовите од Законот 147, кои беа цитирани и не би сакал повеќе да ги цитирам, односно да се префрли работата на работните тела. Ни во претходниот случај, особено не Комисијата за избор и именувања која не учествуваше ни при предлогот на предлагање на Владата, а особено Комисијата за избори и именувања при предлогот, односно иницијативата од претседателот, мандаторот, тогаш изрично се кажа дека Комисијата за избор и именување нема никакви надлежности во случај на разрешување и именување на функционери, со новите прописи односно врз основа на амандманот. Затоа, мислам дека во таа смисла чисти се одредбите во однос на членот 170. Јас не би сакал да ги цитирам и понатаму. Во таа смисла е и членот 357 од Уставот кој зборува за личната одговорност, односно определен број делегати имаат право согласно со деловникот да предлагаат избори и именувања и разрешување на функционерот шти ги избира односно го именува Собранието. Исто така, во таа функција е и членот 410. Сметам дека во однос на иницијативата и во однос на постапката основот е за одговорноста и расправата. А единствен орган кој може да расправа е и во самиот закон, односно членот од Уставот кој претходно го цитирав е органот овластен за утврдување, единствен орган овластен за утврдување на одговорноста е ова Собрание врз основа на спроведената расправа.

АЦО СППИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, ги ценам излагањата изнесени од претставниците на социјалдемократскиот сојуз, меѓутоа ја поддржувам дискусијата на дискутантот кој зборуваше за информираност и неинфор-

мираност на дел на пратеници на поодделни групи. Јас како реплика би користел во смисла на она што го искажа господинот Гештаковски и Ханџиски по однос на посочување на законски членови и однесување демократско или помалку демократско, или недемократско, би се задржал само на текстот кој го дава пратеничката група во која истата бара одговорност од министерот Мијалков, поради тоа што "Му се закани со репресија на народниот пратеник Туше Гошев и тоа заради искажано мислење од оваа говорница во расправата во предлог на законски проекти". Како што е даден овој предлог, на истиот се имаат потпишано 32 пратеници на оваа пратеничка група. Бидејќи се работи за документ кој што е даден во писмена форма, а потпишани се 32 во случајот непосредни свидетели, јас би го повикал непосредниот дискутант ако може да каже дали тој директно слушнал за оваа закана штом се потпишал на ваков документ или некој близок до неговите и дали тоа е воопшто демократски на овој начин.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Повторно навлегуваме во материјална расправа, јас морам во ова Собрание како највисок законодавен одговорен израз на суверенитетот на народот кој не избрал овде, мислам дека во таа смисла и на директно на прашањето треба да ја спроведе таа расправа и да ја утврди вистината. Сите можности се тука. Јас лично, морам да кажам, не сум послушнал, бидејќи лично сум прозван, се работи особено за работи кои треба да бидат принципиелно разгледани, и не во процедурална природа, но во секој случај таа иницијатива ја поддржувам лично, односно по повод расправата. Пред се, во овој случај е битен односот зошто не се дозволува,затоа законодавецот во Законот за органите

на управата кои го регулираат односот односот на другата страна, во секој случај мора да бидат. Мора да му се овозможи на министерот или старешината да одговори. Во таа смисла секој пратеник гласа према совеста и не значи дека има партиска дисциплина, доколку имаат спротивни и други елементи, па секој ќе се изјасни по дадената иницијатива по добиените факти во ова Собрание, односно спроведената расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Реплика има господинот Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Реплика имам на пратеникот Гештаковски во ова наше предимензирано правосудство, кое треба да се обедини по реформата, ние сега, нас не крсти дека ние сме судови. Овде не е суд дирекно немаме ни поротници ни судски совет. Дирекно не може да се утврдува одговорност ниту материјална, а морално, тоа е мислам за минатото останато. Меѓутоа, во однос овде што идат материјали, нашата Комисија за избори и именување разрешува, иако не дава предлози, меѓутоа, конечно таа ќе се јави предлог за разрешување. Доколку, исто така, комисиите според тебе не се надлежни, едната за избор или државна безбедност, имаме и друга форма, работна група да утврдиме, да сослушаме и да стоиме. Но, никогаш да не се претвориме во суд, зашто имаме судови, ти уште подобро како правник знаеш, по општа надлежност, специјални, па и ги укинуваме што се одвишок.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, немам намера да присилувам некого да прифати вака или онака, но сметам дека многу е невкусно да се одбива иницијативата и да се

изнесуваат аргументи за што не треба да се бара одговорност. Повелете господа на расправата и против аргументи се изнесуваа и однапред никој не знае дали ќе се изрече мерка односно дали ќе има одговорност за министерот, мислам многу лошо сега правиме. Ние пред неколку дена по иницијатива на премиерот го разрешивме министерот за народна одбрана без еден единствен збор во расправата. Нема причина, Ве молам во образложениетоза сменување на министерот можеме да го побараме повторно па ќе видиме дали со такво образложение можеби може да се смени министер за народна одбрана, но ние му поверувавме на премиерот, можеби други работи има, кои во тој момент не треба да се искажат, па кренавме рака и го сменивме министерот за народна одбрана.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ: (Продолжение)

Некако како од небо оваа работа да паѓа, како истата да не ја сторивме. Многу невкусно, многу несмасно се брани оваа работа. Јас незнам колку некој смета дека му помага на министерот Мијалков. Колку со сето ова се прават некои работи кои не му одат како личност во прилог. Дозволете да се постави на дневен ред, во расправата ќе кажеме аргументи за и против барањето за одговорност.

ТОМЕ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, овде се кажаа доста зборови, меѓутоа се избегна она што пишува во Предлогот што го добиваме. Така вели покренуваме иницијатива, а јас ќе Ви го прочитам писмото од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Ви ја доставуваме Информацијата на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за утврдување на одговорноста и разрешување на министерот за внатрешни работи.Тоа е прејудицирање на секаква расправа и одлука на овој Парламент, а господинот Гештаковски рече ние не прејудицираме ништо. Во самото писмо и во насловот на Информацијата јасно се говори и таму вели и разрешување на министерот за внатрешни работи. Се прашуваме зошто? Ова писмо што го имаме добиено со тие потписи, нема никаков доказ за било каква иницијатива или постапка за разрешување. Ние мора да работиме во овој Парламент одговорно. Јас оној пат во расправата што ја водевме по законот за воената обврска реков дека токму со една акција на Министерството за внатрешни работи е спречено да се упатат во ЈНА илјадници македонци војници. Тоа е еден голем придонес токму на тоа Министерство. А што јас во лични контакти, испаѓа дека и Гештаковски не знае дека имало лични контакти во однос на тој вербален деликт. Ние не знаеме ни за што се работи едноставно, а треба да одлучуваме нешто да ставиме на дневен ред.

Оттука сметам дека треба да се уважи Предлогот на претседателот на Владата Кљусев и во целост го поддржувам излагањето на господинот Абдурахман Алити.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Само едно сакам да укажам на последниот дискутант на репликата. Во секој случај заслугата на министерот за внатрешни работи е голема, но во секој случај тоа е резултат на утврдената политика на ова Собрание во однос на мирно разрешување на кризата и заштита пред се на луѓето и имотот. Да се сетиме дека ова Собрание донесе низа заклучоци со кој ја задолжи Владата, пред сѐ за запирање и непуштање на регрутите и овде бевме известени дека е тоа пред се одлука на утврдената политика на Собранието и на политичкото раководство на цела Република.Ако зборуваме за односот во ова Собрание, нормално најодговорно во утврдување на политиката и тоа ја утврдило и во народната одбрана, а додека утврдување на политиката, тоа е во надлежност на Владата и сигурно во тој случај Владата донесе одлука, една таква крупна одлука која има резултати и еден добар извршител беше и министерот за внатрешни работи. Ние да се сетиме дека такви одлуки против Сојузниот устав,против определени сојузни акти, ова Собрание донесуваше и порано и ако мус е заблагодрауваме на некому, на некои извршители од извршната власт пред се тука треба да го кажеме гувернерот на Народната банка кој не ги уплаќа вишокот од приходите, од расходите од каматите, на генералниот директор на СОК кој не уплаќа середства од даноците и царините. Ние сме државни службеници што не избира ова Собрание и ќе ја спроведуваме политиката. Затоа мислам дека нетреба многу да се прејудицира во однос на улогата.Чесно и стручно е извршена работата, за да се предаваат заслуги.

Заслугите сите ги сносиме во таа смисла.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас би сакал само да укажам на неколку прашања кои произлегуваат во поглед на процедурата од Законот на органите на управата, со расправата да се прекине и откога ќе добиеме соодветен предлог од надлежното работно тело на Собранието, тогаш да отвориме материјална расправа. Неспорно е дека секој може да даде иницијатива за утврдување на одговорноста на функционер кој раководи со органите на управата конкретно во овој случај со поднесената иницијатива од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за утврдување на одговорноста на министерот за внатрешни работи кој раководи со министерството за внатрешни работи.

Со оглед на тоа што тоа е самоиницијатива, сметам дека нема причина да не се постапи согласно Законот и бидејќи во став 2 член 147 се вели: "Органот овластен за утврдување на одговорноста е должен да ја разгледа предложената иницијатива, да заземе став по неа и да го извести подносителот". Бидејќи сметам дека ние сме должни да ја разгледуваме иницијативата и да заземеме став и да го известиме подносителот, предлагам согласно член 147 Собранието да заземе став дека иницијативата ја препратува на надлежното работно тело на органот што го именува функционерот, согласно членот 146, а тоа е Комисијата за избор и именување. Предлог за утврдување на одговорноста на фуниционер кој раководи со органот на у[illegible]вата може да поднесе работното тело на органот што го имену[illegible] Што значи Комисијата за избор и именување врз основа на обра[illegible]нието и поткрепени со факти и аргументи ќе утврди дали им[illegible]чов на Парламентот да му поднесе предлог за

утврдување на одговорноста на министерот или не. Што значи Собранието откога ќе го добие тој предлог може и расправата по предлог за утврдување на одговорност, расправата да ја заврши не со мерка сменување, туку само согласно став 4 од член 148, со укажување, ако евентуално постојат неправилностите во работата на функционерот.

Имајќи го ова предвид сметаме дека во оваа расправа по однос на иницијативата не се исполнети елементи од став 5 на член 148 во кој што се вели дека органот надлежен за именување додека трае постапката за утврдување на одговорноста може да го оддалечи од должност функционерот ко раководи со органот на урпавата, Собранието да заклучи дека не постојат елементи да се министерот за внатрешни работи оддалечи од должноста функционер со органот па урпавата со кој раководи, односно Министерството за внатрешни работи, па со оглед на тоа сметаме дека тој полноважно си ја обавува функцијата, односно инициајтивата да се препрати до надлежното работно тело. Надлежното работно тело ќе ги испита сите оние наоди што ги кажа и претседателот на Комисијата за избори и именувања, аргументирано, поткрепено со факти, со изјави на функционерот кој раководи со органите на урпавата, односно Владата и на Министерството за внатрешни работи и тогаш Собранието може да отвори расправа.

Со оглед на тоа, бидејќи е самоиницијатива, сметам дека повеќе расправа за тоа нема. Меѓутоа, начелен став е мој во денешнава ситуација, бидејќи ние сме се научиле, тоа беа конкретните предлози, меѓутоа би кажал само една моја иницијатива ценејќи ја вкупната актуелна политичко безбедносна состојба во земјата, сметам дека не е потребно да се вршат никакви реконструкции во Владата во овој период, барем додека не се донесе Уставот

и со оглед на тоа, бидејќи во контекстот по..несена е и една одлука за разрешување на министерот за образование сметам дека бидејќи предлогот за повторно разгледување на процедуралните прашања по начинот на донесување на Законот за образование, се уште е во постапка, сметам дека и оваа одлука воопшто не треба да се најде на дневен ред, односно генерално Владата до донесувањето на Уставот да не претрпува никакви измени.

Заради поврзување со случајот со Дамјановски, јас не сакам случајот за министерот со народна одбрана да го поврзуваме сега, бидејќи сите нис знаеме каков состанок одржавме, каков договор постигнавме за воопшто да не се отвори расправа по Законот за измени и дополнувања на Законот за воена обврска и знаеме во какви околности ја донесовме таа одлука. Сметам дека оваа Иницијатива воопшто не треба да се поврзува со таа одлука која што беше тогаш на дневен ред.

Со оглед на тоа сметам дека по однос на иницијативата што е дадена си останувам на предлогот што го кажав и нема основа за материјална расправа, бидејќи немаме ни конкретен предлог по кој ќе отвориме материјална расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние не водиме материјална расправа, само уште неможеме да се разбереме околу дневниот ред.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:.....:

Јас само сакам почитуваните пратеници да ги потсетам нешто многу свежо. Тоа беше пред дава дена кога исто така поведовме ние иницијатива некаде на 23-та седница во доцните часови во вторникот навечер и дека аргументи беа изнесувани какв и такви за правото било за кој пратеник или пратеничка група . поднесува

инициајтива за одговорност и тн. Аргументи овде имаше од полно дискутанти,. претежно од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на независниот кандидат Тодор Петров. Суштината беше во тоа дека предлогот тогашен, во тој момент,недостасува дека е во писмена форма и дека мандаторот на Владата не е тука. Во ова Собрание расправаше и пратеничката група на социјалдемократскиот сојуз. Во тој момент ги уважи тие аргументи од пратениците дискутанти и Собранието го апсолвира тој проблем и таа пречка беше отстранета од Парламентот.

Сега кога дојдовме во нова ситуација, после 6 часовна дисиусија тогашна, сега веќе се бараат нови моменти. Можеме да оценуваме поединечно, групно и така натаму да тргнуваме од одделни аспекти на одговорноста. Јас лично не можам да се ослободам од впечатокот дека ние не даваме ни можност да можеме да расправаме. Еве сега втор час како дискутираме за утвдување на дневениот ред. За оваа точка ние навлеговме во материјална расправа, при тоа дезавоирајќи го деловникот дека прво треба да утврдиме точка на дневен ред. Не навлегувам во материјалниот аспект на расправата. Материјалниот аспект на расправата во секој случај ќе следи во овој момент кога ќе се утврди точка на дневен ред. Зошто прејудицираме, претходно си го земаме правото да можеме да расправаме по тоа прашање, на чист демократски и чесен начин. Пели оставаме впечаток овој Парламент дека на ваков начин ние се однесуваме по прашањето на одговорност. Ве молам, поминаа времињата кога тоа прашање го апсолвиравме ние одамна и кога рековме дека во оваа општество нам ни недостасува токму то[illegible] принцип на одговорност. А сведоци сме дека истите принципи с[illegible] применуваат во зависност од тоа кој каков приод му дава. Јас [illegible]ка, верував и длабоко бев уверен дека ова Собрание се бори [illegible] демократска процедура

со тоа што бараш.. да се исправат тие моменти, да биде во писмена форма и да биде мандаторот присутен. Еве ги тие моменти се исправени. Но од ова расправа што сега се решава двочасовна, никој повеќе неможе да ме убедин дека причините и аргументите се за тоа демократски приод кон разрешување на проблемите, поготово по прашањето за одговорност. Веројатно проблемот е многу подлабок, а тоа ќе биде прашање на оценка на понатамошнист наш политички и севкупен живот. Јас само сакам да кажам ако добро се сеќаваме, излегоа и стенограми во јавните гласила сите пратеници што дискутираа на минатата седница праткично покрај тоа што дел ја промашија темата што се дискутираше никој не го кажа и не го оспори прашањето на минатата седница дека ако е тоа точно веќе треба да расправаме. За тоа можете да ги видите сите стенограми што дискутиравте во весникот "Нова Македонија" беа објавени. Како ќе можеме да дискутираме по тоа прашање ако не го ставиме како точка на дневен ред. Тоа од никого не беше оспорено.

Во врска со образложувањето на господинот Тодор Петров за надлежностите и за постапката околу утврдувањето на одговорноста на Владата и на членовите на Владата, јас само би го упатил на членот 14 од Законот за влада и кој гласи дека Владата ја избира и разрешува Собранието со мнозинство на гласови на сите пратеници. Ако тоа право се оспорува од овој Парламент и се прават други правно-правни заврзлами и измислици, јас мислам дека заеднички треба да размислиме околу тоа прашање.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сакам да дадам една исправка на некои работи што беа изнесени. Се бараше о писмена форма иницијативата и се доби и ништо не се спорно де: с-кој може да поднесе иницијатива.

И ја добивме таа иницијатива. Се работи за иницијатива за утврдување на одговорност на функционер кој раководи со орган на управата Јас несакам да вршиме импровизации, туку член 147 вели иницијатива Собранисто ја разгледува и ја препратува до надлежното работно тело Тоа надлежно работно тело е КОмисијата за избор и именување кој поднесува или не предлог за утврдување на одговорноста, по што Собранието донесува конкретна одлука за сменување или не на надлежниот министер. Јас тука не гледам дека на последната седница се повикувавме на формално правно некој закачки и дека сега тоа истото го правиме, само и само да не се разгледува одговорноста на министерот за внатрешни работи Мијалков. Нека се прочита член 146, па ќе се види кој официјално поднесува предлог за утврдување на одговорноста. Иницијатива е едно. И плус тоа ако работиме принципиелно, не една иницијатива поминала преку ова Собрание која ја поднесувале пратениците и секогаш била препратување на мислење до надлежните работни тела, до Владата на Република Македонија уште пред да се утврди дневниот ред.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Пратеникот Наќе Стојановски ми даде можност и нему да му реплицирам. Прво иницијатива, условот е исполнет во писмена форма наместо твое усмено обвиниение. Меѓутоа, секоја иницијатива претпоставува одредена сериозност, одредена содржина и минимум докази, кој навистина ќе ја оценат една сериозност дали ние сериозно расправаме, инаку иницијативи има во неограничен број. Имаше фонд на време да се приложат било какви докази и слично.

НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи секоја иницијатива. Меѓутоа процедурално, исто како Тодор Петров кој многу правилно го кажа тоа. Кај мене, сите работи во врска со избори и разрешувања директно ги препратуваат од Претседателството. Самите работни тела треба да офромат став, да извршат дополнување на доказите, па да дојдат со предлог.

Како формална страна, да кажам дека оваа иницијатива не е дадена во вид на предлог па ние да мораме да се изјаснуваме. Иницијатива е едно и ние како работно тело заседаваме, па предлог-одлука за тоа и тоа прашање. Ова е самоиницијатива. Затоа сметаме дека е безпредметно да се разгледува, без ниеден доказ. Некој некому кажал. Тие обвинувања и во еднопартискиот систем не беа докажани. Тоа е едно.

Второ, пратеникот Алил Џаферовски ја злоупотреби постапката за разрешување на Ристо Дамјановски.

Не само што ние имавме претходна расправа на работните тела, Комисија за избори и именување и Законодавно-правна комисија. Точно траеше тоа усогласување, проверување, мислам консултација со стручната служба задолжена и изнајдовме став дека изјавата на премиерот дека го разрешува, може да се смета само како формален предлог. Тој во меѓувреме си го оформи предлогот, си предложи, а ние го дополнивме со член 23 од Законот за Владата дека министерот е должен насоките да ги спроведува. Тој наместо да го поддржува предлогот за неприменување на Законот, тој го повлекува од процедура. Поради тоа и јас директно имав зазуемено став, така да не се злоупотребува тоа, и тогаш помина прет ходно на работни тела.

Инаку, ова го нема ни во аквизиција. Напиши за било кој па сега додека го шетав 2-3 саати, утре ќе го искомпромитира. После нема кој да му плати штета. Не е тоа со докази. Да дојдеме овде со минимум докази. Со тоа предлагам, доколку оди постапката, во однос на министерствата треба противдоказ да се прилага подобра програма за работа на Министерството, а не кој што кажал. Вербалните деликти се укинати уште одамна.

Тие се заложија за одредена кадровска политика, одат на реализација. Во таа смисла да дадеме недоверба. Основно е давање недоверба,за утврдување на кривица се оди на суд.

МИХАИЛ ПАНОВ:

Почитуван претседателе на Парламентот.

Имам едно барање до вас. Имено, би сакал, ако може, да прекинеме со расправа и да излезе овде секретарот на Парламентот, господин Шиковски на оваа говорница и да ни даде, на тие пратеници меѓу кои што сум и јас правници, едно објаснување. Мене ме интересира во врска со писмениот предлог од Социјал-демократскиот сојуз за иницијативата за утврдување одговорност за разрешување на министерот за внатрешни работи. Би сакал, ако може, да ни бидат прочитани сите овие членови на кои што се повикува оваа иницијатива, најпрвин и потоа да даде објаснување секретарот на Собранието за оправданоста, односно неоправданоста на нив. Тие се: член 147 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90, Амандман 74 точка 5 од Уставот, член 350 од Уставот, како и членовите 34 и 35 од Деловникот за работа на Парламентот). Значи барам да ни бидат прочитани сите ови членови и да даде коментар секретарот на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Дајте да завршиме со репликите и да дадеме пауза, бидејќи невозможно е вака да се работи.

Има реплика Наќе Стојаноски.

НАЌЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам само господинот Никола Крстески да го потсетам дека работното тело на кој тој претседава, по повод одговорноста за министерот Ристо Дамјановски, не заседаваше, ссамо толку бидејќи беше изнесено овде дека Комисијата за избори и именувања и Законодавно-правната комисија. А точно е тоа дека Законодавно-правната комисија заседаваше. Зошто не расправаше Комисијата за избори и именувања, тоа господин Крстески најдобро знае. Мислам тоа не е предмет на дискусија овде, затоа што далеку ќе не одведе таа расправа. Тоа е едно.

Јас прифаќам и во ваква ситуација Законодавно-правната комисија изгради став по ова прашање веќе кога навлеговме во овие матни законодавни-правни води, затоа што на таков начин беше постапено и во таа прилика, па нека тоа работно тело кое стручно, пред се, седне, да расправа и да изгради став. Само толку имав.

Лично, исто така прифаќам предлогот што го даде господин Панов да ни се дадат извори од законските одредби по повод одговорноста на која се повикува и заснованоста и иницијативата од Социјал-демократскиот сојуз.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи ли тоа сега да направиме прекин и да се подготват тие изводи.(Извици на несогласување).

Инаку се..ретарот не е надлежен за тоа, ниту е овалстен. Законите се за сите пратеници и пратениците треба да ги имаат пред себе. Исто така ние имаме комисии кои се надлежни за тоа.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Дискусијата ќе си ја чувам после ако ја вретиме точката на дневен ред.

Сакам да знам, господине претседателе Андов, господине Роган. Вие во ова бевте најоштетени, дека ви е претено со убиство, со лаги, со триста работи, некои јас ќе ги наречам фарси или било што. Дај испаднете на оваа говорноца и кажете за што се работи. Некоректно и непоштено е да не измачувате нас 120 пратеници овде. Ние дискутираме, а фактички не знаеме. Дај, ако ви претеле со убиство испаднете на говорница и кажете. Господине Андов, исто и вие, најпоштено и најконкретно ќе биде запознајте не со вашето претење.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако биде внесено тоа на дневен ред и ако има постапка, ќе кажувам. Вака вие сега зборувате сега за нешто што или ќе биде или нема да биде.

РИСТО ЈОВАНОВ:

И ние зборуваме, или ќе биде или нема да биде.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа што не е на дневен ред нема што јас да зборувам.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Дајте изјаснете се дали да го ставиме на дневен ред, со едно нешто такво што вие м.слите. Вие кажувате многу тешки работи.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој тоа кажал.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Самата иницијатива.

СТОЈАН АНДОВ:

Дискутирајте ја иницијативата, немојте....

РИСТО ЈОВАНОВ:

Јас од моја страна ве молам испаднете на говорницата и кажете за што се работи.

Своето излагање, како што реков после, ако влезе точката на дневен ред ќе кажам и ќе ги отвориме сите работи овде. Доста се манипулира 45 години. (Негодување од место).

Ве молам, вие од десната страна, т.е. од левата, не реагирајте има многу за вас да кажам. Ве слушавме 45 години, бидете пострпливи.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не се држите за темата.

Има збор пратеникот Наум Симјановски.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници.

Сите ние 120 народни пратеници сме избрани во овој македонски Парламент.

Зборот Парламент потекнува од италијанскиот збор"парларе" што означува зборува. Но, зборот зборува треба да знаеме зошто, кога и колку [illegible] употребиме, а сето тоа треба да биде во функционалност.

Инаку иницијативата од Социјал-демократскиот сојуз оценувам дека треба да биде проследена во законска регулатива и деловничка зацртаност на постапката на самата иницијатива. Инаку неминовно е да дојде до сменување на функционерот ако се обистинат аргументите кои се наведени во иницијативата. Но, македонскиот Парламент е лулка на демократијата, не само во земјава туку и пошироко. Затоа сметаме дека Парламентот треба да отвори сериозна дебата и за овој, но и за некои други министри од аспект на пречките и деблокадата на демократските процеси и правната држава во Републиката.

Во таа смисла и му предлагаме на мандаторот на Владата господинот Кљусев, бидејќи самиот акт дека две значајни министерства се веќе испразнети, тоа да го направи. Со тоа ќе се оневозможи поларизација која е веќе очигледна во Парламентот, по основ на дадената иницијатива. Вака останува и ние од Реформските сили - Либерална партија да се држиме до принципиелниот став дека иницијатвата е легален чин и треба да се стави на дневен ред.

Очигледна е и една друга ситуација. Ставањето во одбрана на министерот, исклучиво од страна на парламентарците на една партија, покажува колку сме гласале за вон партиска експертска Влада во која едино министерот Лепавцев се декларира како припадник на една партија, што е за поздравување, што во овој момент покажува како треба да се прогласат останатите министри, како треба тоа да го направат, па да се знае кој ќе биде одговорен, а аналогно на тоа и пофален.

На крајот поставувам едно прашање дали Владата одговара пред овој Парламент или парламентарците пред Владата, или нејзините членови.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор претседателот на Владата.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Јас мислам дека ние ја надминавме една детска болест, да утврдуваме по два, три и пет саати дневен ред.

Јас незнам, тука седи Владата. Дали пратениците знаат какви ангажмани нас не чекаат. Дали е јасно овaa Влада пред какви искупенија се наоѓа.

Јас дадов предлог и го молам претседателот на Собранието да го стави на гласање. Таа иницијатива да биде анализирана пред Советот за заштита на општествениот поредок. Сознанијата од таму ќе бидат доволно објективни дали ќе се покрене или не, дали ќе се стави на дневен ред или нема да се стави на дневен ред. Сè ова е измачување. Сè се ова хипотетички дискусии. И ве молам дајте да престанеме и да бидеме работливи. Ние сме изложени пред крупни дилеми како Република, пред овие судбоносни сценарија кои се наметнуваат во борбата за мирно разрешување на воинствените апетити во Југосалвија, пред сите овие безбедносни неизвесности кои не очекуваат. Ако вака дискутираме за органот за државна безбедност со хипотетички претпоставки и недоволно испитани и аргументирани, а тој орган се наоѓа пред тешки искушенија, токму во оваа фаза низ која минуваме.

Дозволете да ви кажам, во прашање е државниот интерес на Република Македонија, а не негираме ние ниедна иницијатива. Таа иницијатива нека биде проследена со најнужното внимание, со најнужните скупули и тоа е она што ние сакаме да го цениме.

Иницијатива во кол· · се покаже дека крие задсебе аргументи, тогаш и на мене ќе ми биде лесно да дадеме предлог како да се разреши ситуацијата. Дајте една постапка логична, зошто сега се надмудруваме, зошто од една реплика одиме во друга, зошто создаваме тенцзии партиски, зошто оптужуваме една партиска група, друга не. Во суштина е, има иницијатива, дајте и ток на таа иницијатива. Предлогот беше да се оцени во овој совет, како што кажав и го молам претседателот на Републиката нека закаже што побрзо седнциа на тој совет, да се разгледаат сите нужни аргументи, па тогаш доколку постои нормална поткрепа на аргументите ќе се оди во собраниските тела, како што е и нормално. Значи, станува збор за тоа да не се измачуваме и да губиме драгоцено време, да се изјасниме дали стоите на предлогот на Владата.

Го молам претседателот да го стави предлогот на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има реплика Биљана Лазаревска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас би сакала да укажам на една работа што беше кажана од говорникот што се јави пред да зборува премиерот.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе реагираше исто така за било кој министер во Владата да се работеше, не за министерот за внатрешни работи. Нека се работеше и за декларираниот министер кој е дури и од членовите од вашата партија.

Се работи за Владата која се наоѓа во најтешките моменти на Македонија. Дали рушењето на еден министер па и понатаму базно рушење на Владата би значело д[illegible] за Македонија, или би значело катастрофа. Би сакала да му [illegible]ецирам на говорникот, покрај

тоа што несмасно ја прочита тезата на пратеничката група на Реформските сили дека тоа е голема заблуда, дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го брани баш овој министер.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Имам реплика на претседателот на Владата, господин Кљусев.

Не ми е јасно како може да бара да ја разгледува Иницијативата форум или совет кој што не е формиран. Тој совет, колку јас знам не е формиран.

Кога сум веќе тука имам уште една реплика на госпоѓата Лазаревска која се залага за нешто, а притоа заборава дека нашите челници со најгруби и највулгарни зборови се напаѓани во печатот, од партијата на која и припаѓа.

СТОЈАН АНДОВ:

Овој совет за кој станува збор, не го формира Собранието, можеби затоа постои забуна. Него го формира претседателот и го има формирано, колку што знам.

Има збор господин Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Зборот сценарио во Југославија е страховито експлоатиран и он е експлоатиран од ослободувањето до денес толку многу што денес навистина нема никаква смисла да се употребува, бидејќи е неверојатно излитен збор и тој збор најчесто го употребувале тоталитарните режими од типот како што ние го имавме до скоро и од типот на сите овие што ја избраа комунистичката идеологија, фашистичката, нацистичката и слично.

Јас режија не сум студирал, економија сум студирал и не се разбирам од сценарија, но се разбирам од некои едноставни факти кои што кога ќе ги слушнам проценувам дали се во согласност со овој нов општествен проект во кој се трудиме ние да зачекориме, или не, а тие што знаат дека имаат сценарија, какви, против кого, што, тие ќе треба повеќе да докажуваат во врска со тоа. Затоа, јас се јавив за дискусија не да утврдувам пошироки сценарија, туку да кажам зошто мислам дека треба едно вакво прашање да биде на дневен ред на ова Собрание.

Против господинот министер немам ништо против, бидејќи првпат слушнав за него кога беше предложен од премиерот на оваа Влада, како и за некои други, но повеќето од нив ми беа и лично познати, имав и сопствено мислење за тоа за какви личности се работи. Меѓутоа зачудува фактот што ние расправаме дали да расправаме, дали да не расправаме. Има 30 потписи од една пратеничка група. Стојат неколку прашања во врска со тоа. Ја сведуваме работата на Деловникот, на Законот, практика имаме една овде, каква ја имаме, конкретни случаи имаме како сме постапувале, како не сме постапувале.

Меѓутоа јас го поставувам прашањето што значи кога еден функционер одбива да биде разговарано за евентуално негови грешки? Што значи тоа кога одбива.

Кога некој денес би побарал овде да се разговара за Гошев, верувајте, двајца да се, еден да е, јас веднаш ќе побарам да се разговара.

Што значи кога претседателот на Владата не сака да прифати да се разговара за соодветниот министер, или за било кој и за

Владата, ако има 30 потписи од една партија, независно од која, дали е оваа во која јас членувам, како што се вика Социјалдемократскиот сојуз или е тоа ВМРО-ДПМНЕ, или ќе бидат Реформските сили - Либералната партија и т.н.

ПЕТАР ГОШЕВ: (продолжение)

Навистина тоа веќе буди одредени асоцијации, но бидејќи несакам да се сведувам на полињата на инсинуациите јас само го поставувам прашањето едноставно што значи тоа? Зошто се издига тоа прашање на такво ниво, па се бара на пример да расправа, незнам дали е формиран, или не Советот за уставниот поредок , или Советот за безбедност на Републиката и слично на тоа. Дали оваа Влада ја бира тој Совет? Дали овие министри ги бира тој Совет? Дали оваа Влада е одговорно пред овој Парламент, дали тие министри се одговорни пред овој Парламент, дали пак се прави знак на еднаквост меѓу министерот за внатрешни работи и меѓу политичко-безбедносната ситуација во Републиката, уставниот поредок на Републиката, стабилноста на Републиката и да не редам сѐ што во врска со тоа. Господинот претседател на Владата веќе неколку пати прашува, по малку изнервиран дали пратениците знаат пред какви тешки прашања се наоѓа Македонската влада. Кога расправавме за Програмата на оваа Влада што ја понуди, а за која што едни рекоа дека е тоа филозофија, други рекоа дека се тоа основни идеи, трети рекоа дека за неа не мора да се изјаснува Парламентот, четврти од Владата рекоа дека Програмата е ставена само на увид и слично на тоа. Јас сега го прашувам премиерот дали тој знае пред какви проблеми се наоѓа оваа Република денес? И вие знаете за кои прашања јас дискутирав тогаш во врска со Програмата и потоа какви импутации доживеав во врска со една чесна расправа која што беше усредсредена на проблемите со кои што се соочуваме, односно на оние проблеми што допрва Македонија ќе ги доживее во наредниве месеци. Најтешкиот период за Република Македонија уште не дошол за наша жал, за наша несреќа, допрва доаѓа, а за тоа повторно се надевам ќе зборуваме во овој Парламен[illegible] претходно не доживее фијаско комплетно и овој Парламент и си[illegible]ке заедно.

Зошто мислам дека навистина е лошо да не се расправа. Недопусливо е да се одбива расправа за вакво прашање и да се бараат незнам какви аргументи кога има јасна практика во светот дека за една мала изјава на еден министер која што не се совпаѓа со генералната политика, или не е во согласност со некои општи начела, па министерот дури и не чека да си поднесе оставка, не чека да биде разрешуван, туку си поднесува оставка. Јас не навлегувам во некоја поширока аргументација во врска со сова прашање. Овде има некои луѓе на кои што им беа упатени некои зборови, некои заканувања. Тие се овде, тие се присутни, присутен е и министерот, тука е и премиерот и тој знае за тие постапки. Јас го поставувам прашањето од аспект на одбраната на човековите права и слободи и мене само тоа ме интересира во овој момент. Бидејќи покренато е прашањето за одговорноста на министерот за внатрешни работи, со оглед на тоа што тој го направил, има обид за опстуркција на елементарни човечки права, има обид за опструкција на вршењето на функцијата на луѓе кои што се избрани од народот и должни се да обавуваат одредена функција. Тие се должни да обавуваат одредена функција, тие се должни да мислат со главата на својата средина, или се должни да мислат со сопствената глава за каква политика овде ќе гласаат, за што ќе се застапуваат, какви закони ќе носат. А што се случува? Човекот што е задолжен да го штити граѓанскиот статус на човекот, на секоја индивидуа се обидува да шири извесна несигурност, неспокојство , произведува немир, врши пресија да изнуди мислења што се во согласност со неговите сваќања. Јас зборувам за оправданоста оваа точка да се најде на дневен ред. Не може како што толкуваат некои дека треба веднаш да се гласа, бидејќи се гласа врз основа на не[illegible]и образложенија. Со оглед на

тоа што евидентно се покажува дека не постои убеденост кај голем дел, дека треба да се расправа за ова прашање, кое е оправдувањето веднаш да се помине на гласање? Според тоа овде мене не ме интересира толку конкретно дали баш на Туше Гошев, или на Андонов, или на Андов му е нешто кажано. Овде преку тие примери едноставно е повредена индивидуата, правата на индивидуата и тоа од многу осетлив ресор, од човек на многу осетлив ресор кој што мора за тие работи да води сметка. Со тоа фактички се нападнати платформите, генералната политика на овој дом, политиката на сите овие партии овде кои што злеговме , а во кои што доминантно место во нашите платформи имаше слободите и правата на човекот. Она парче во уставот кое што е најголемо што сега треба да го усвоиме и кое што од 45 страни кога беа шапирографирани, 15 се однесуваа само на основните човечки права и слободи.

Кризата на социјализмот за која што мојава партија е стално обвинувана и јас самиот ја обвинував и се обидував да ја трансформираме е сеопшта, економска, политичка, морална. Но, таа криза го имаше за причина единствениот заеднички именител, загушувањето на човечките права и слободи. Заедничкиот именител на таа криза е тоа, не загушеност на развојот на тие права и слободи, туку нивно длабоко уназадување. Економските и политичките слободи како скудно достигнување на 20-от век, но како огромна придобивка наспроти мрачното средновековие од накарадната комунистичка идеологија беа толку дерогирани, така што не просперитетот, туку стана загрозен човечкиот живот, не загрозеноста на слободната човечка мисла , индивидуалната политичка волја, туку дојде во прашање голото физичко опстојување од тие тоталитарни идеологии. Гулаците во

Советскиот сојут, политичките чистки познати за време и на заслужниот Јосип Броз и на Колишевски и на други и слично на тоа нам ни се добро познати. Нашата стварност беа тоталитарните идеологии. Од нив не сме ослободени ни денес. Денес нивниот израз е борбата за национални држави, држави на поглавицата, или на поглавиците и на чопорот. Со задоцнување ни се случува нацистичка идеологија на просторот на Југославија. Туѓман и Милошевиќ ќе бидат сигурно сврстени во иделопоклониците на Хитлер, на Химлер, на Гебел, и на многу други илјадници мртви има во име на нацијата, а ги нема во име на човекот, на слободната индивидуа. Распашавите хорди денеска шетаат во Хрватска, во БиХ, ситни обиди има да прошетаат и во Македонија. Тие се борат во име на вистината, на својата вистина, во име на своето право да му припаднат на чопорот, на стадото, а не да си припаѓаат на самите себеси. Ќе го одбегне ли тоа Македонија господо? Пајакот на тоталитарната свест на семожните поглавици завиткани во комунистичката орнаментика го почувствува и овој народ и многумина од овде присутните. И овде има затворени за ВМР-овска идеологија, недоволно докажана дали е издајничка, или длабоко патриотска. Овде имаме такви луѓе. И овде има луѓе репресирани затоа што задоцниле за неколку дни, за часови, или можеби за секунди да престанат да му аплаудираат на тогашниот семоќен Јосип Висарионовиќ Сталин. Нивното име е информбираши , а затворани се и бележани од тие што само до таа секунда им го переле мозокот за непогрешливоста на големиот брат, или на непогрешливата идеологија. И јас наоѓајќи се случајно, намерно , заслужено, или незаслужено прво во Претседателството на ЦК СКМ, потоа и како претседател на таа партија што беше далеку се разбира од руската, кинеската, романската, но сепак со значајни сличности , почувствував дел од методите кои тие што

мислат поинаку. Главната карактеристика на дотогашните властодршци беше нивната идентификација со државата, со нејзината безбедност, со уставниот поредок. Така, нападот врз некои од нив беше напад врз уставниот поредок и веднаш беше квалификуван како обид за дестабилизација на политичко безбедносната состојба, обид да се попречат страшно големите задачи кои што и престојат на тогашната владеачка екипа. Примерот со критиките врз Владата на Глигорие Гоговски, или нам ни се посебно свежи, мене исто така, осуммина млади луѓе од органот за внатрешни работи тогаш поминаа тешка психичка голгота зашто се обидоа да обелоденат кој командува со таа служба, што е всушност вистината за Вевчани и слично на тоа. Се разбира дека беа оптужени за напад врз системот, врз државата, за лична борба за власт. Кога се борат други за лична борба за власт, се разбира тогаш не важат истите аршини.

До мене лично како претседател на партијата доаѓаа разни заплашувања бидејќи со мене во системот на власта не се чувствуваа некои сигурни. Им ја напаѓав практиката, тоталитарната идеологија, го напаѓав непотизмот, династиите што долго време владееја во Републиката без никогаш да положат сметка пред овој народ. Ме информираа луѓе дека телефоните ни ги прислушкуваат, необични звуци и знаци навистина чувствував, но прашањето не го истражував. Сега веќе не ги чувствувам тие знаци. Ме информираше еден стар полицаец дека војската ме прислушкува, во мојот кабинет тоа ми го кажа запишувајќи го на ливче и веднаш запалувајќи го истиот во пепелникот. Добив информација дека во Белград се праќа извештај за мене од таа служба, од тие луѓе тогаш. Ова го говорам за да ја сватите мојата намера за објективен третман на прашањето. Ја добив шифрата на човекот што ме следи и што им испраќа извештај. Доаѓаше во кабинетот, одкако

спомнав нешто несмасно како што знам јас по отворено во врска со тоа, исчезна и никогаш повеќе не дојде во мојот кабинет. Помислував ако е ова точно што ми се чинеше што ли е точно со други граѓани што не се на функција, а имаат слободен јазик и желба и обиди ова општество да биде подобро и поинакво. Или пак нема ништо од ова точно што мене ми се чинеше дека е точно, но е точно со психолошките притисоци врз поединци опробан метод да се скрши волјата на тие што им пречат во нивното властодржие , или им пречат во нивното уредување на сопственото општество, не на општеството на народот чии претставници се. Македонија скокна од едно партиски во повеќе партиски систем, го отвори процесот на економските слободи. Но, ние знаеме и од порано и сега знаеме дека повеќе партијноста не е сигурна заштита од тоталитаризмот. Хитлер конечно победи на парламентарни избори. Во Хрватска и Србија над сите својства на човекот се издигна националната назнака. Тоа стана прв критериум за селекција, диференцијација, напредување. Сета идеологија се сведе на идеологијата за нацијата. Испраните информации доминираат на Југословенскиот информативен простор. Индивидуата се стави во едно тело и дух, во една материја како некогаш евреите во сапун, или во пепел. Македонија мора да се сочува од тоа. Но нема да се сочува од тоа ако толку ситно партиската интрига или партискиот интерес се обидува да заштити нешто што е очигледно, не дали е толку страшно и дали навистина тоа ќе се оствари, или не, дали почнува како појава или не која што може утре да ескалира во нешто од што сите ќе страдаме, а ќе ја сочуваме ако ги развиваме човековите права и слободи, сигурноста, спокојот на улиците, во домовите, на работните места Ако секој граѓанин мисли слободно, биде еднаков пред законот, ги има истите шанси за самопотврдување освен р- зликата во својата

надареност. Но, и за оа по некој социјален лек постои во модерните општества. Но, кога еден министер за внатрешни работи врши пресија врз лица што се ополномоштеници на народот што ги избрал, им се заканува бидејќи му биле врзаени рацете, послободно да апси. Тогаш се поставува прашањето, а конфликтот заправо произлезе од тој член за какви овластувања се работи за Министерството, или не. Тогаш се поставува прашањето кој е тој и во име на што заштитува таков интерес? Во име на кажаното низ синтагмата не е сега време. Такви синтагми "не е сега време" се изнаслушав од кога почнав да се бавам со политиката, и во Синдикатот кога вев и во Претседателството и како претседател.Во име на излитените комунистички одбранбени механизми ќе се дестабилизира државата, во име на тоа што ги откопчал градите и со дебели слова се истетовирал "јас сум најмакедонскиот Македонец", па како пиштолџија шета и ја брани македонштината со заплашување на луѓето, со барање поголеми арбитрарни и егзекутивни права за себе.

Македонија господо, можат да ја одбранат само оние над 90% граѓани што се определија за нејзината самостојност и сувереност, тие можат да ја заштитат Македонија. Македонија можат да ја одбранат луѓе кои се поклонуваат пред светоста што се вика човекови-слободи и права и во тоа име се спремни за сопствена саможртва. Инаку, за тие што не се спремни да ја бранат сопствената држава на што сега се издигнува некаква аргументација во врска со тоа дали да се расправа или не, им ги наменувам зборовите на полскиот беседник Петар Скарга кој рекол уште пред 2 века "љубете ја татковината своја, тој Ерусалим свој, па кажете со срцето Давидово. Ако те заборавам мила моја татковино и Ерусалиме мој, да ја

заборавам десницата своја, да ми се прилепи јазикот мој во устата моја ако не се сетам на тебе и ако не те поставам на чело на сите твои утехи". Но, господо, пријатели на Македонија и се потребни луѓе што знаат да ја љубат, пред сѐ низ остварувањето на човековите права и слободи, луѓе што се и патриоти и компетентни и демократи по својот ментален склоп. Никој не вели дека секој поединец мора да располага со ова, со сите овие својства. Но, оној што е во врвот на политиката на власта мора да ги има сите овие својства.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја прекинуваме седницата, а ќе продолжиме во 17,30 часот.

Продолжение на 24-та седница во 17,55 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има еден предлог на господин Петров кој е отчукан и се умножува, ќе биде поделен за да се има предвид при продолжувањето. на расправата. Тоа го чекаме. Нетрпението расте и предлагам да продолжиме.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ова интересно прашање кое го зафативме за овој интервал кога создаваме демократија да разредуваме министри, мене лично ми претставува одредено сомнение. Во кој случај? Јас како пратеник на ВМРО многу пати доаѓав во судир со одредени луѓе членови на СДС на Македонија, можеби некогаш и во мојата партија, за ликот на господинот Гошев. Во неговите дискусии господинот Гошев, од неговите дискусии бев изненаден, позитивно, по однос на неговите досегашни излагања, а истовремено и денешното негово излагање кое што го сметам позитивно. Меѓутоа, една интересна работа ми се создава едно убедување дек во партијата на СДС на Македонија како да постои едно болшевичко крило. Во оваа ситуација забележувам и мое лично убедување е дека ставот на СДС на Македонија не е на сите ист во однос на оваа политика која што се води денеска за оваа млада демократија која треба да ја сочуваме во ова време.

Во досегашните дискусии на господин лично, дури и јас еднаш лично му се обратив на господинот Гошев да ми го даде неговото излагање кое пред 1 месец го имаше изложено пред овој парламент кој што навистина носеше доста позитивни страни. Зошто велам постои? Во СДС на Македонија болшевичко крило, кое што, кога

мислиме дека с^ е во ред и дека ние досега носевме со акламација, ние мислиме дека е средена работата, ние маваме на едно многу деликатно место, за кое знаеме и во БиХ денеска целиот народ посветува огромно внимание да го задржи единството преку тој ресор, односно преку тоа Министерство, а тоа е Министерството за внатрешни работи. Зошто велам дека постои болшевичко крило? Кога веќе сметаме дека сите се наоѓаме во една ситуација ја донесовме демократијата, носиме Устав, повторно се јавува една нова сила, а тоа не беше цел додека на Парламентарната група беше господинот Гошев. Откако се стави за претседател на параламентарната група господинот Црвенковски се изменија работите. Во таа смисла, пак се земам себе си и истовремено да му се обратам на господинот Црвенковски кој што го сметам дека е водач на тоа болшевичко крило, и уште неколку такви. Затоа што СДС на Македонија во последно време покажа големи резултати за да најдеме едно заедничко нешто и да ставиме примирје на ова подрачје и да ставиме ред на македонското толо. Во смисла на та проблематика забележувам дека не сака никој од СДС на Македонија да има мир во Македонија. Јас ќе го пратам господинот Црвенковски дека не сме на исто ниво, јас лично со господин Црвенковски дека во нашите куќи различно се дискутирало. тој е дете на полковник, јас сум дете на калајџија.- Според тоа, основните категории, всушност тој уште јаде војнички леб. Според тоа и дикцијата на неговото излагање досега редовноe е со одреден цинизам, со одреден сарказам и истовремено го молам да слезе на земјата малку, да ја гледа ситуацијата каква е. Можеби ќе биде подобро за нас Македонците и оние кои живеат во Македонија да избегаваме од такви провокативни излагања затоа што нашиот македонски народ, времето во кое се наоѓаме, не му е целта за да се смени господи от Мијалков со одредено образложение, по мое лично убедување, к е тоа што на пример на господинот Туше Гошев

го навредил или му запретил. Така што господинот Туше Гошев е малолетен и се стресе како што рече господинто Хаџиски, му е страв сега да дискутира. Тие се смешни работи. Мене ми се чини дека во овој Парламент немаме такви луѓе кој страхуваат. Мое лично убедување е дека стравувањето е во нешто друго што господинот министер почна со трансформација на работните места. Почна да клава ред во одредените секретаријати. Од тоа не треба да се плашиме. Секој еден чесен човек не трба да се плаши од трансформација. Таа трансформација треба да ја направат сите министри. Ако прв почна министерот за внатрешни работи зошто да страхуваме. Па, ние сме народ македонски како и сите други што живеат во Македонија, нема страхување. Па ние, за да добиеме едно доверие во денешно време, овие 45 години вие верувајте дека треба да мине време повеќе за да го вратиме тоа доверие. А сега ние немаме доверие во еден министер, затао што почнал со одредени трансофрмации, а не е тоа што му запретил на потпретседателот на Владата или претседателот Андов или господинот Андонов е во прашање. Тоа се работи кој што како мажи да си речат. не ќе се дадеше такво значение ако министерот за финансии му запретеше на некој од другите. немаше да се направи толкава прашаина. Али е во прашање е случајот со министерот за внатрешни работи. Мене ми се чини дека нема да му срони бисерот на господинот Туше Гошев затоа што тој му рекол или нешто му рекол, а тоа што му рекол никој ништо не знае.

Друга работа ме изненадува - една партија СДС на Македонија брани член на партијата за реформаските сили. Во оваа ситуација многу изненадувачки делува што како партијата за реформските сили не го потегна прашањето да го заштити нивниот претседател, односно претседателот на Парламентот. Според ова, имам заклучок во

моето излагање да го прифатиме она што го изнесе господинот Кљусев и со ова да прекратиме и минеме на дневниот ред.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, се најавив малку поодрано, приличен дел од моите размислувања ги искажаа повеќето пратеници. Кон тоа сакам само да додадам. Мора да биде овој Парламент порационален, да престанат меѓупартиските престрелки и искажувања на Парламентот кој што мисли. Овој парламент е законодавно тело и треба да работи согласно закон и длеовник. Па од тоа, не би сакал да должам, му предлагам на претседателот да го стави предлогот на премиерот на Владата на гласање или иницијативата да завршиме со таа точка и да продолжием со дневниот ред. Во вторникот изгубивме 4 часа денеска 1 дена за една точка да влезе во дневен ред. Сметам дека тоа што е предложено во иницијатвата не е од таков карактер, да токму денеска распразаме. Има начин д решаваме за тоа во една официјална постапка како што работиме и по другите точки.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Фаик Абди.

(Реакции на дел од пратениците)

Како мислите на тоа? На кого да му го земеме зборот. Сите кога сте на ред сакате да зборувате, а кога е друг на ред сакате да му се одземе зборот. Тоа е невозможно. Според Деловникот сѐ додека има кој што бара збор, или учество во расправата, треба да добие и на крајот се става на гласање. Во тоа е работата.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседателе, дами и господа, можеби сметам на некого со појавата на оваа говорница, но јас сум пратеник како и сите вие што сте овде како и сите, па и членовите на Владата, па ако може некој од ова место да зборува 45-55 минути, јас ќе пробам да збоувам малку едно 15-16 илјади зборови, да речам така. Дозволете ми да кажам декас владее едно општо незадоволство кај народот. Ние ноќта останавме до о4,00 часот сабајле, за срамота на ова наше Собрание. Критики упатува народот, граѓанството. Ние денеска се занимаваме со една иста точка на дневен ред, не мислејќи за авторитетот на ова Сборание, на Владата, за претседателот на Владата, за министерот, не мислејќи за една многу чувствителна материја, зашто овој ист министер треба да се појави пред своите луѓе, пред граѓаните, и тие сега ќе си речат, па овој сега го нарпавија партали таму и овој пак е министер. Знаете! - Тоа народот мисли. Да се разбереме. Има една поговорка наша "Али-ага вино пие а децата трици јадат". А, бре таму се гине, Србија, Хрватска, луѓе гинат масовно, ние овде се расправаме за некои работи што можат за 5, 3 минути да се разбереме и да одиме понатаму. Морам да упатам една забелешка на еден од дискутантите на партијата на СДС дека ние згрешивме, се одаваме на овие работи а не зборуваме за кономијата и т.н. Не можеме ние да зборуваме за економијата, се додека нема мир во Југлославија, односно тука во Македонија додека нема мир ние за економија многу тешко ќе зборуваме. За економијата се зборува во мир и да дојде да дојдат сини шлемови во Југославија па ќе има мир тогаш. Вака никако карпите никако оние другите со шарени одела што се незнам како се викаат, нема, изгледа нема да се смират.

Да се вратам сега на ова прашање. Јас мислам дека никој нема право од оваа говорница да критикува некоја партија, да

дава оценка за нејзината работа заради тоа што тоа е друга партија. Јас сум шеф на партија. Таму во мојата партија, повелете, дојдете кажете за мојот истап како сега се кажа нешто во однос на СДС дека постои некое болшевичко или незнам какво крило. Меѓутоа, чујте дека дискусиите на Гошев и на другите колеги пратеници се за голем респект. Е сега дали треба толку да се зборува, секогаш овде се кажува комунистите, болшевиците и незнам што и незнам што. Немојте така! Да се биде политичар не етака едноставно. Има една партија овде и опростете, јас не сакам да ве навредам, ВМРО, ќе викаме болшевици, комунисти, болшевици! Што добиваме со тоа? Луѓето претрпеле маки, затоа овде зборуваат. Кажуваат за да не се повтори. Неможеме едно зло дело да го замениме со друго зло. Избркавме едни апашишта да отвориме други апашишта. Па тоа 40 години, да речам е пљачка, ја опљачкаа земјата. И сега целата работа е страв, од други,дали ќе се изродат такви други, да не пљачкаат народен јазик тоа е кажано тоа е тоа. Да не се вртат пак во круг. Целата работа тоа е. Тоа значи дека треба да бидеме толку мудри, да ја научиме политиката и да одговараме пред народот. Зашто народот ако влезе овде, ние сите ќе избегаме од овде. Да ми простите на изразот, зошто е ситуацијата ваква? Мене ми е многу незгодно што зборувам во овој момент за едно осетливо место, а тоа е ние она "село се плени баба се чешла" пред извесно време расправавме за министерот за народна одбрана, сега за министерот за внатрешни работи, утре за некој друг министер и сега јас се прашувам нека не ме свати погрешно господинот Мијалков јас и тој сме добри пријатели. Кога јас би бил на негово место јас би дал оставка. Што е, Минстерство? Ма какво министерство, оди таму. Зошто? Ве молам да ми опростите за ова. Зошто така зборувам, ако има нешто најубаво ќе беше со минути, да се разбереме, напишано ние дозволивме овде несакајќи да к[illegible]ивме нешто, дозволивме од оваа

говорнида да упатиме толку ктитики и со саати и тоа 2 дена и тоа до 4 сабајле, и денеска цел ден за да му го нарпавиме авторитетот за никаде. Вака нека Владата ѳаседне, нека претседателот на Владата господинот Кљусев седне со министрите и види што е работата. Ако не чини еден предлог готово. Не може заради еден Араб цела Арабија да изгори. Ако с тоа еден араб ќе го тргнеме и Арабија ќе си остане Арабија. Вулгаризирано кажано, нели? Така народот вели. Па сакам да речам редно е да прекинеме со оваа еуфорија овде. Ние сигурно не ќе можеме денекса да завршиме па ни утре, со овие 30 и кусур точки. а имаме убачи работи на дневен ред, со кои неможеме да излеземе на крај. Затоа предлагам да прекинеме и да му сотавиме на претседателот со цела одговорност да испита се што е и како и да излезе со еден предлог овде како што излезе минатиот пат ако господинот Мијалков има такви нешта, нема што 2 и 2 равно четири, неможе да бидат 6, ако може да бидат 20 и 1.500 тогаш ќе бидат и 6. Тоа значи она што следува тоа ќе биде, за да има мир во куќа. Ве повикувам од 2-те партии од ВМРО-ДПМНЕ и Социјал-демократскиот сојуз, ние сме колеги, делиме иста судбина, ние донесовме една одлука во 15 минути до 12 за Референдумот, ние направивме се во Република Македонија да го извадиме народот надвор, да ја изгласа таа одлука и она што сакавме да го постигнеме го постигнавме и треба да се бориме и понатаму за што му дадовме збор на народот да не го лажеме народот. И секогаш да се служиме со онаа реченица, полна реченица, како што ја донесовме одлуакта -. Македониа суверена, независна, односно со право да стапи, а тоа право јас би го зел како обврска - за контакти, за зборување и тн. за сојуз на суверени држави, доколку има љубов од 6-те во ред, а доколку нема, во ред, ние мора она што сме го ветиле на народот тоа да го извршиме. Би ги молел двете партии

да не се инатат многу овде претставниците. Ако се бориме за една иста цел, се бориме за оваа Македонија, се разбира од идејни аспекти имаме разни становишта, разни гледишта, меѓутоа, да речам ве повикувам на еманципација.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, овде се повеќе се јавуваат сугестии да се определиме меѓу двата приода. Со оглед на тоа што никој не ја негира иницијативата, дека постои таа иницијатива, се работи само има различни аспекти на тоа како и да се даде тек на иницијативата, дали денеска да се стави на дневен ред или одлука денеска да се донесе, или како што предлагаше претседателот на Владата, по инициајтивата да се постапи така што таа би била упатена евентуално на некое работно тело на Владата и да се побара мислење од Советот исто така и да се на првата наредна седница со сите тие ставови дојде овде да се расправа.

Јас би молел ако воопшто има некое такво мислење во врска со овие 2 можности да се искаже, а ако не да одиме на изјаснување.

Збор има господинот Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, уште во предизборниот период како припадници на повеќе партии, дел учествуваме во работата на овој Парламент, дел останаа без свој пратеници во Парламентот. Меѓутоа без исклучок и во своите програми и во своите имиња го ставивме зборот "демократија". При тоа, безрезервно се определивме за градење на парламентарна демократија. Веќе мораме да бидеме искрени, многу немавме искуство, што значи парламентарна демократија. Повеќе или помалку, сите кога говоревме, тоа го земавме пример од некои земји

од Западна Европа кој ни служеа како пример и кон кои се стремевме во тие наши програми, во тие наши определби. Ние во неколку наврати и на оваа и на минатата седница рековме дека поддршката на Референдумот, и тоа со акламција на овој Парламент, меѓутоа, и на сите вон парламентарни партии, се покажа дека нема двојба во определбата аз самостојна и суверена Македонија. Изгледа дојдовме до двојба околу тоа како ќе ја изградиме таа држава, македонска држава, какво ќе биде нејзиното внатрешно устројство. Ние сме за Македонија, меѓутоа не за било каква, меѓутоа, за демократска Македонија. Од тие земји кој што најчесто ги земавме за пример што значи тоа парламентарнацемократија, во вакви или слични ситуации и сега слушајте ме пак глупости тресам, бидејќи такви ситуации таму не можат да се случат, да министерот за внатрешни работи упатува закани на потрпетседателот на Владата, или претседателот на Парламентот, или на пратеник не се. Меѓутао, ако се случат нема место за разговор, туку министерот сам веднаш ќе се поднесе оставка. Ако тоа не го направи пак зборуваме хипотетички, бидејќи не сум лчул аз таков пример во ттаа западна парламентарна демократија, тогаш пак, претседателот на Владата, воопшто не размислува за тоа дали тој министер треба да си оди бидејќи е доведени во прашањ угледот и честа на целата Влада и на целата држава што таа држава ја претставува. Меѓутоа, бидејќи ние не сме Западна Европа, бидејќи треба уште многу да учиме што е тоа парламентарна демократија, ја имаме оваа ситуација шт оја имаме. И бидејќи имавме можност во времетраење од неколку часа да добиеме шанса да го чуеме и министерот аз внатрешни работи да отвори уста, да каже 2-3 збора за ова за кое што беше обвинуван илчи за кео беше товарен, како што сакате кажете, меѓутоа, бидејќи тој не најде за сходно да не удостои со својот с ав, бидејќи еден од главните аргументи кој што беше употреб ан во овие

дискусии беше дека, па не е тоа аргумент за кој што треба да се постави прашањето за одговорност на еден министер, па дури да се поведува и прашање за негово разрешување, бидејќи е ова балкански простор, нели, може со чашка да седедне таа работа, машки да се расчисти, нема тука парламентарна демократија и тн. Бидејќи тие беа главните аргументи што овде се изнесоа и бидејќи ние навистина сме Балкан.....

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (Продолжение)

... и бидејќи тие аргументи не се доволни, пред да се изјаснуваме која постапка ќе ја прифатиме јас ке им помогнам на овде некои колебливи пратеници со уште неколку аргументи да ги имаат во предвид кога ќе креваат рака за или против.

Прво, едно од основните начела на парламентарната демократија е јасно разграничување помеѓу законодавната, извршната, и судската власт. Без тоа нема парламентарна демократија. Понатаму, не случајно во голема мера се говореше кога се бираа министрите за внатрешни работи и за правосудство бидејќи тие се основни начела, основни темели на еден систем, дека не смее да се дозволи тие да бидат партиски обоени и несмее да се дозволи никаква спрега помеѓу тие две министерства. Меѓутоа, бидејќи ние сме Балкан, нели, ја имаме ситуацијата да господинот Мијалков кој што е министер за внатрешни работи и господинот Наумов кој што е министер за Правосудство се кумови.

Меѓутоа, бидејќи таа спрега изгледа не е доволна за да се направи доволно јака соработка помеѓу овие две министерства, ја имаме ситуацијата да внукот од брат на министерот Наумов Јордан Козаклиев сега ја врши функцијата помошник на министерот Мијалков, значи на кумашинчето или кумчето незнам на што,за финансиси.

Бидејќи веќе почнавме околу непотизмот во Владата, а бидејќи пазете, секогаш кога говориме за едноумието, за еднопартискиот систем....

СТОЈАН АНДОВ:

Кога ке го ставиме ова на дневен ред да видиме...

БРНАКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Не, не,. Ве молам, јас давам образложение кон тоа, образложение дополнителна аргументација во прилог на тоа дали ова треба да оди на дневен ред или не.

Бидејќи една од главните осуди на тој еднопартиски систем и едноумие беше дека се правеа разни групни и колективни партиски спреги итн., кога веќе почнав да набројувам примери од тој непотиз да наведам и тоа дека на пример внуката или сестрата незнам овде лошо сум запишал,Меша Поповска на министерот за образование Димитров е сега помошник министер на министерот за урбанизам Лепавцов. (од салата се слуша реакција советник) Советник, се извинувам, советник е, добро.

Понатаму, имам неколку директни прашања до министерот за внатрешни работи би било добро пред македонската јавност, пред овој парламент ни одговори доколку не удостои со тоа внимание.

Дали е точно дека на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Црномаров му е по директива и директна интервенција на министерот Мијалков дадена дозвола за носење на оружје без законски основ со оглед на тоа дека претходно пукал во својата сопруга или вереница.

Дали е точно дека по директна интервенција на Мијалков службениците на Министерството за внатрешни работи вршеле обезбедување на куќата на Црномаров и уште на неколку членици на ВМРО-ДПМНЕ во Битола.

Дали е точно дека на Никола Велјановски од Охрид претходно неодземениот туку случајно најдениот пиштол и одземен од страна на органите за внатрешни работи, а после што се востановило и дека нема дозвола за носење на оружје, министерот направил ди-

ректна интервенција и му е дадена и дозвола и пиштолот.

Дали е точно дека за секретар на Градскиот секретаријат за внатрешни работи на Скопје е именувано лице Васил Зафировски, против кој се покренати неколку дисциплински мерки во самата служба за примање на мито и корупција.

Дали е точно дека за заменик на истиот човек, заменик секретар на Градскиот секретаријат за внатрешни рјаботи наСкопје е именуван господинот Душко Димитров кој што исто така за време на своето претходно службување бил под дисциплинска истрага, кривична истрага за нанесување на тешки телесни повреди на граѓаните.

Дали е точно дека претседателот на подружницата на ВМРО ДПМНЕ од Крива Паланка е пред неколку дена вработен во Службата за државна безбедност.

Колку дозволи за носење на оружје се издадени од изборот на господинот Мијалков за министер до денес и во колку од тие случаи е почитувана законскмата процедура.

Ова е само еден дел бидејќи очекувам дека ќе имаме уште долга расправа по ова прашање. Јас остатокот ќе го причувам за некоја друга прилика. Ќе се вратам само неколку дискусии на назад на моментот кога господинот Томе Стефковски без резервно ја поддржа дискусијата на пратеникот Абдурахман Халити. Јас ќе си го земам правото да кажам дека не ги поддржувам дискусиите на Томе Стефковски и на Абдурахман Халити во пакет, заедно, на топтан.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Токму само еден момент да ви кажам, токму дел од дискусијата на господинот Црвенковски укажува како ние овде не треба [illegible] а расправаме, бидејќи . (реакција во салата) тишина, тихо,би:

ќе го претвориме Собранието во истражен орган со 120 души. (Реакција во салата). Ве молам, тоа е доказ дека треба да го препуштиме на некое тело и да се изјасниме по предлогот на господинот Кљусев. Молам, затоа го давам предлогот на господинот Кљусев на изјаснување. (Реакција од пратениците во салата).

Реприка бара Стоиле Стојков.

Тишина, немојте да викате, секој што вика од место ќе го отстранам од салата. (Реакција во салата). Ве молам, само овде се зборува (покажува на местото на говорницата) .

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Господине претседателе на Парламентот и понатаму манипулирате со овој Парламент.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие дали намене сакате реплика или на господинот Црвенковски.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас ке си дадам на кого сакам, реплика, меѓутоа, Вие манипулирате овде со овој Парламент.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие многу дрско настапувате, напуштете ја говорницата.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Не настапувам дрско.

СТОЈАН АНДОВ:

Не добивте збор Вие, Вие овде на мене да ми правите реплика, не побаравте. Ве молам, напуштете ја говорницата и ја прекинувам седницата.

Седницата прекина со работа во 18,25